**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумнаесеттото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги ќе објавам пауза од половина час поради технички проблеми, додека се преструктуира техниката внатре во салата.

Значи, објавувам пауза од 30 минути.

(Пауза од 12,06 минути)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,33 часот)

(Со седницата продолжи да раководи господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Илинка Митрева, Насер Ајдини, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Павле Трајанов, Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салију, Ајше Селмани и Тахир Хани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата .

**Точка 23 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за празниците на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Џеват Адеми, Тахир Хани, Зумрете Јакупи, Селвије Салиу и Агрон Буџаку.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се пријавени Рафис Алити, кој е отсутен, Ајше Селмани, која е отсутна и Зумрете Јакупи, која е отсутна.

Дали некој друг се пријавува за збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Не, не, момент, сепак службите нека избројат да имаме точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата има 63 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници гласале 55, за гласал 1, воздржано 1, против 53 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во име на предлагачите на амандманот пратеникот Роза Топузова-Каревска го повлече амандманот за бришење на член 2, поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2, поднесен од пратениците Азис Положани, Џеват Адеми, Селвије Салиу, Сафет Незири и Агрон Буџаку.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници гласале 59, за не гласал ниту еден пратеник, воздржано не гласал ниту еден пратеник, против гласале сите 59 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 алинеа 1, поднесен од пратениците Валентина Божиновска, Марјан Додовски и Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

(Пратениците од ВМРО-Народна партија реагираат дека нивните амандмани се повлечени)

Овој не е повлечен.

**Весна Јаневска:** Амандманот се повлекува.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, амандманот се повлекува.

Пратеникот Славица Грковска го повлече амандманот на член 2 став 1 за бришење на алинеа 5.

Пратеникот Славица Грковска го повлече амандманот на член 2 став 1 за менување на алинеа 5.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 за додавање нова алинеа 1 пред алинеа 1, поднесен од пратеникот Шабан Салиу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагачот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 за бришење на алинеите 1 и 2 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели, Блерим Беџети и Сафет Незири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници, гласале 57, за гласал 1, воздржано не гласал никој, против гласале 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 за бришење на алинеа 2, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Џеват Адеми, Тахир Хани, Зумрете Јакупи, Селвије Салиу и Агрон Буџаку.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници во салата гласале 58, сите 58 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 за додавање нова алинеа, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Тахир Хани и Ајше Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни во салата гласале 54, сите 54 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 2 став 2 за менување на алинеа 5, поднесен од пратениците Валентина Божиновска, Марјан Додовски и Весна Јаневска е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 за додавање нова алинеа 5 по алинеа 4, поднесен од пратеникот Анита Кипаризовска-Крстевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и според тоа амандманот станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеничката Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе,

Јас сакам накратко да ги соопштам уште еднаш ставовите на СДСМ,зошто нема да го поддржиме овој закон.

СДСМ нема да го поддржи овој закон затоа што сметаме дека врши недезиелогизација, туку идеологизација по теркот на ВМРО ДПМНЕ затоа што во еден дел ја загрозува секуларноста на Република Македонија, затоа што сметаме дека тоа е еден од законите кој воопшто не е од приоритетите на Република Македонија. Сметаме дека во овој парламентарен дом приоритети треба да имаат оние закони кои ќе ја приближат Република Македонија и до почеток на преговори за членство, со Европска унија и до покана за НАТО, а ниту овој закон, ниту Деловникот на Република Македонија, закони или акти што парламентрното мнозинство и Владата ги оцени како врвно приоритетни, не спаѓаат во списокот на оние акти што парламентарниот дом, Владата или Република Македонија треба да ги донесе за да се смета дека ги исполнува реформите во Република Македонија.

Спорни се решенијата кои се предложени во овој закон. Ние долго дебатиравме заради тоа. За жал, нашите аргументи не допреа до парламентарното мнозинство дека со овој закон ќе се внесе конфузија во Република Македонија. Меѓутоа, очекувам меѓудрогото ВМРО ДПМНЕ, како партија да се откаже од славењето на својот партиски празник, или во најмала рака да признае дека својот партиски празник го официјализира како празник, неработен ден за сите граѓани на Република Македонија.

Од причините кои ги изнесовме во долгата дебата и од сите причини што ги изнесов сега, пратеничката група на СДСМ нема да се изјаснува по овој закон, бидејќи сметме дека е штетен.

Повторно ќе упатам апел и до парламентрното мнозинство и до Владата да се фокусира на прашањата кои навистина се приоритет за Република Македонија, кои ќе не приближат до Европска унија и до НАТО, прашања кои и владеачкото мнозинство ги форсираше во текот на изборната кампања, кои ќе овозможат подобрување на економската состојба на граѓаните и апелирам владеачкото мнозинство д се откаже од популистички закони кои практично нема да придонесат за доброто на граѓаните на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Пред да дадам збор на следниот говорник, дозволете ми една моја процедурална интервенција.

Се извинувам длабоко, бидејќи се направи техничка грешка, прескочив два амандмани. Сега, со ваша дозвола да ги прочитам и да заземеме став за нив. Се извинувам уште еднаш тоа е моја грешка.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, за додавање нова алинеја, поднесен од пратениците Рафиз Алити, Аднан Јашари, Тахир Хани и Ајше Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амднамнот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, гласале 55, сите 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, за додавање нова алинеја 3, по алинеја 2, поднесен од пратениците Ќенан Хасипи и Хади Незири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амднамнот.

Според тоа амандманот станува составен дел од законот.

Благодарејќи ви на укажаното разбирање за мојата теничка грешка сега продолжуваме со дискусија.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претедателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Јас во дебатата по Предлогот за донесување на закон дебатирав долго, се обидов мојата дисксија да ја поткрепам со повеќе аргументи, користејќи го компаративното искуство, притоа користејќи и друга литература и наметнав неколку дилеми. Пред се од три аспекти го разгледав овој закон: бројот на неработните денови. Тука почитувани колеги залудни беа моите укажувања затоа што не само бројот на работните денови не се намали, туку напротив имаме уште повеќе неработни денови, што ќе каже дека сега сме земја со најголем број на неработни денови, кога ќе празнуваме и кога ќе чествуваме.

За разлика од тоа што го говори Владата дека се стремиме кон економски реформи, кон привлекување на странски инвестиции, овде со ваков закон не гледам добра волја од Владата тоа да го направи затоа што се сомневам дека било кој инвеститор ќе се одлучи да инвестира во Република Македонија, кога скоро половина година, вклучувајќи ги и саботите и неделите, и ако кон тоа ја додадеме и нашата пракса да ги спојуваме празниците, половина година ќе бидат неработни денови во Република Македонија. Значи тоа е економскиот аспект.

Понатаму, јас го истакнав и социолошкиот аспект, како се одбрани овие празници, дали е земено во предвид колку се застапени верските празници, колку се чествуваат. Добро е што имаме една измена на која укажав во мојата дискусија околу верските празници. Значи од теолошки аспект се исправи, наместо задушница, се вметна Духовден кој е многу повеќе ценет и почитуван во нашава земја, поготово што тој празник го обележува и раѓањето на Христијанската црква.

Укажав, но и тоа не е толку важно, на една теза што овој закон, вака како е предложен и не почитувајќи ниту еден став од опозицијата, може да наметне и да го поттикне етноцентризмот во Република Македонија, што е многу опасно. Сега не би сакала повторно опширно тоа да го елаборирам, реков ќе бидат сосема кратка.

На крај, не само што со овој закон не дебатираме нешто што е од суштинско значење за граѓаните на Република Македонија, тоа се економските закони кои во голема мера ќе им го подобрат животот и поподготвени ќе бидат за да ги пречекаат празниците. Напротив донесовме закон кој наместо да не обедини, пред се не раздели овде во дебатите, а имам чувство дека и граѓаните така го доживуваат. Значи, не закон кој не обединува, затоа што, говорев, празникот е нешто убаво да се чествува, начин да се доживува нешто што е блиску, тоа е моментот кога ќе подзаборавиме на другите грижи и кога ќе си дадеме оддушка на душата, за да можеме да го прославиме. За жал, со вметнување на некои празници, сакајќи да се задоволи само желбата на една мала група на луѓе, или пак да се задоволи

нешто што било ветено на своите гласачи во прдизборниот период, се запоставија мислењата на поголем број на граѓани. Токму поради тоа, пратеничката група на ЛДП нема да го поддржи овој закон и со ова кратко излагање, сакаме да се стави крај на фарсата која траеше неколку месеци. Очекувам веднаш потоа да преминеме и да работиме веќе од понеделник на законите од економската сфера, кои ќе го подобрат животот на граѓаните. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 64 пратеници.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повиквам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, за гласаа 58, воздржани 2, против 2.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот молам да крене рака? (13)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Гласале вкупно 13 пратеници од заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и сите гласала за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за празниците на Република Македонија.

(Аплауз)

Пред да продолжиме натаму давам 10 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,35 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

**Минуваме на точка 23-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на Законодавно-правната комисија и работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Овој Предлог на закон е континуитет на промените кои што се направени односно Собранието што ги усвои со измените на Законот за здравствена заштита. Јас накратко ќе се потрудам да ја образложам суштината на концептот на овие законски промени и секако сме отворени за дискусија по однос на содржината на законот и предложените амандмани.

Основната поента на овој закон се состои во воведување на функцијата на два директора во Фондот за здравствено осигурување, каде што точно се дефинира кое е образованието кое што може да го имаат кандидатите за директори. Поточно тие треба да бидат со високо образование од областа на економијата, правото, медицината или здравствениот менаџмент и да функционираат на принцип на врзани потписи. Оваа промена, како што веќе се направи промената во делот на сите јавни здравствени установи кои што во иднина ќе бидат раководени од два менаџера, така и Фондот за здравствено осигурување кој што во минатото беше причина за зголемување на долговите и појавување на големи дубиози Владата на Република Македонија верува дека со зголемување на одговорноста и отчетноста каде што два директора ќе одлучуваат како ќе се извршуваат наплаќањата и како ќе се извршува финансиското работење на Фондот е доведат до консолидација на здравственото работење и до консолидирање на денешната состојба која што воопшто не е добра.

Понатаму, направени се усогласувања со казнените одредби со кои се утврдени прекршочните санкции. Тоа е кратка промена.

Битно е да напоменам уште во два дела каде што во интерес на подобрување на процесот на демократизација не само Стопанската комора, туку и другите комори ќе можат да учествуваат во управниот одбор. Истото се однесува и на медицинските комори, Лекарската, Фармацевската, Стоматолошката комора. Така да идејата на овој закон е да се продолжи со истиот континуитет како што се направи промената во делот на здравствените установи и веруваме дека таа промена брзо ќе биде имплементирана.

Исто така се отвора можноста еден од директорите да биде странец, тоа може но не мора. Тоа е битна карактеристика дека не мра, но може. Значи, отвараме можност да дојде искусно лице кое што нормално ќе ги исполни условите кои се пропишани со законот и ако покаже искуство во областа на здравственото осигурување би можело да дојде на функција на втор директор, меѓутоа се разбира дека тоа е

отворено и за сите наши граѓани на Република Македонија.

Тоа би било накратко образложението за овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Гештаковски, имате збор.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседател.

Очекував малку поопширно образложение, само се потврди мојата констатација дека во образложение, како што кажа заменикот на министерот во суштината и текстот всушност во тие длабоки реформи кои беа најавувани немаше што да се каже. Се се сведува само на една гола фраза, воведување само на институтот два директори кои ќе раководат со Фондот за здравствено осигурување. Повеќе никаква измена не се предлага со ова законско решение.

Најпрво ако ми дозволите господине претседателе сакам една деловничка забелешка до вас лично од начинот на закажувањето на седниците.

Верувајте ми, мене не ми е проблем, јас можам да дискутирам тука и сум спремен за трите закони кои сега во моментов се закажани од октомври и јануари, во октомври два закони за измена и дополнување на Законот за здравствено осигурување и од јануари. Но се надевам дека на останатите пратеници навистина им е тешко денес да разберат и да се спремаат за кој од тие три предлог-закони ќе се дискутира. Барам во дневниот ред ве молам да се пишува, кога се пишува во дневниот ред дека на дневен ред е точката за измени и доплнувања на овој закон, да се пишува на законот предложен од група пратеници, или предложен во октомври или во јануари. Бидејќи навистина ние не знаеме на 12-та седница за кој закон мислевте, на 14-та седница или на 16-та. Ги менувате, ги распоредувате. Вие сте одличен режисер, знаете совршено добро дека 10 во исто време закажани филмови не можете да ги режирате со исти актери, со иста техника, со иста камера. Јас ја разбирам вашата потреба, вие работите под притисок на премиерот, или на повлијателни министри да дојдат нивни точки на дневен ред за да ги решите краткотрајно, јас убеден сум дека со ова не решавате ништо, бевме сведоци на аплаузот што го добивме кога го донесовте Законот за празници. Вие имавте најава дека ДУИ најверојатно ќе се врати во Парламентот, па сега треба тие законски решенија каде што покажува опструкција со нивните дискусии, со нивното бранење на амандманите, со Законот за празници и со Бадинтеровото мнозинство на носење на законот за радиодифузна дејност, или пак за некој каде што е потребно или брзо донесување или да се избегне бадинтеровото мнозинство, но верувајте тоа не е одговорот. Кога и да е ќе се вратат тие и кога и да е ќе има такви законски решенија повторно, само договорот и политичкиот дијалог изостанувaат. Јас се надевам дека во иднина ќе ги средите овие работи.

А сега да се вратам за темата на денешната седница.

Моменталната состојба во здравството посебно во Фондот за здравствено осигурување на сите добро ни е позната и таа е катастрофална. Не функционира буквално ништо. Секој ден, ама буквално секој ден се прават по неколку гафови. Гаф врз гаф и сега по моментот излегува Министерството за здравство со Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување со една единствена измена, како најважна во здравството како најитно во здравството во моментот да бидат поставени два директори на Фондот за здравствено осигурување.

Значи тоа е единствената суштинска измена во овој закон. Мене ми е совршено јасно зошто се носи оваа измена и зошто се брза со оваа измена. Оваа измена се прави исклучиво за да може на меѓународниот конкурс да конкурира странец и да се донесе еден од двата директори на Фондот за здравствено осигурување странец, кој е избран многу пред време, се знае кој ќе биде и зошто ќе биде избран.

Според мое мислење треба да се оддолжи ВМРО-ДПМНЕ на некој долгогодишен нивни лобист и финансиер на партијата, па се одбива најбогатата каса во државата која годишно е 250 милиони евра, па да се земе нешто од таа каса и да се врати сето она што го има вложено до сега во ВМРО-ДПМНЕ последните 17 години.

Со ова законско решение само се легализира корупцијата, се наоѓа легален начин со закон озаконета корупција и враќање на средствата, бидејќи сигурен сим и за овој странец ќе важи законското решение што го изменивме во Законот за извршување на буџетот и на овој странец како на именувано лице ќе му бидат надокнадени сите трошоци кои во моментот не ги знаеме какви ќе бидат и колкави, а ќе зависат во зависност од одржувањето на имотот на овој директор што ќе биде донесен од странство.

Ова законско решение се предвидува и потпишување на менаџерски договор со двата директори со Владата. Тие менаџерски договори знаеме колку ќе чинат. Ќе чинат илјадници евра. Ќе се стават другите вработени во Фондот за здравствено осигурување, врвни стручњаци кои целата работа ќе ја работат освен што нема да земаат по 4 до 5 илјади евра, таа привелегија ќе биде само на тие два директори.

Во образложението на крајот, во Преодните и завршните одредби се вели дека не се потребни дополнителни финансиски средства. Јас сум убеден дека ќе бидат потребни дополнителни финансиски средства бидејќи ќе треба да се даваат големи пари за двата директори за менаџерски договори и за одржување на имотот на странскиот директор.

Што требаше сега да направи Министерството за здравство во овој Предог за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување. Требаше, верувајте, во интерес на сите граѓани на Република Македонија да ги донесе и да ги заврши, да ги имплементира сите измени донесени со измените на законите за здравствена заштита и здравствено осигурување од 2005 и 2006 година, онака како што ветија пред изборите дека ќе се ангажираат во имплементацијата на тие законски решенија и на тие реформи, посебно во примарната здравствена заштита. Требаше да ги додонесат правилниците за да се имплементира таа реформа. Требаше исто така да ги донесат и сите подзаконски акти, но гледаме дека се касни пет месеци. Од тоа нема ништо, напротив секојдневно се носат некои смешни одлуки каде што целокупната состојба во здравството се комплицира до максимум.

Немаше никаква потреба од воведување на двајца директори кои ќе раководат со Фондот за здравствено осигурување за да се стабилизира Фондот за здравствено осигурување. Фондот за здравствено осигурување се стабилизира со донесувањето на Акциониот план во 2005 година, како што пишува во ова законско решение, во образложението. Со тој Акционен план беше формулиран максималниот износ на буџетот на Фондот за здравствено осигурување. Беа донесени фински плафонски буџети на сите јавни здравствени организации. Беше воведена редовна надворешна и внатрешна контрола и ревизија на сите буџети на јавните здравствени организации. Редовно известување на сите директори на јавните здравствени организации до Фондот за здравствено осигурување и до Министерството месечно и квартално. не постоеше никаква можност за правење на нов губиток во Фондот за здравствено осигурување ако се придржуваме на овие правила на игра кои се воспоставени 2005 година. Всушност овој метод ги даде и првите резултати. Во самото признавање на Министерството, во Извештајот пишува дека долгот на Фондот за здравствено осигурување од 2006 година 30 јуни од 2005 година 30 јуни од 5 милијарди и 80 милиони денари се намалил на 3,800 милиони денари. Значи резултатите се добиени и требаше само да се продолжи по тој терк.

На крајот, сите извештаи за спроведување на буџетите на сите јавни здравствени организации беа проследени и изведени на веб страницата на Фондот за здравствено осигурување да најтранспарентно секој граѓанин во Република Македонија знае како се потрошил до последниот денар за здравствено осигурување во секоја јавна здравствена организација.

И наместо да се увидат пропустите и недоследностите во спроведувањето на тоа законско решение, бидејќи да бидеме реални се увиде дека буџетите на јавните здравствени организации во повеќето не беа доволни, требаше да се ревидира тоа. Затоа во Законот од 2005 година постоеше инструментот на секој шест месеци да се ревидираат буџетите на јавните здравствени организации. Што се направи деновиве? Се донесе одлука и се утврдија буџетите на јавните здравствени организации и тоа замислете порестриктивни за 30% од претходните. Наместо да се бараше наин да не се изедначени и да не добиваат исти финансиски буџети сите јавни здравствен организации или сите клиники подеднакво, бидејќи навистина нема потреба никаква Клиниката за реуматологија или пулмологија да има еднаков финансиски буџет како и Клиниката за хирургија. Наместо да се гледаа, да се пратеа и да се надополнуваат сите недостатоци се донесе една рестриктивна одлука да се намалат и така оскудните финансиски буџети на јавните здравствени организации за 30%.

Ќе наведам само еден класичен пример како нема да функционираат повеќе јавните здравствени организации во финансиското работење. Буџетот на Институти при Медицинскиот факултет во Скопје ланската година изнесуваше 96 милиони денари. За оваа година му е наметнат финансиски буџет од 64 милиони, значи за триесетина помалку, а само ланската година Институтите потрошиле 160 милиони денари. Сега ме интересира да ми одговори заменикот на министерот како ќе функционираат Институтите. Да не заборавиме Институтите ги вршат сите здравствени услуги кои им се дадени од клиниките, поодделни клиники.Тој е сервис на сите клиники. Институтите ќе се доведат во ситуација да можат да работат само првите четири месеци од годината, а останатите седум-осум месеци во годината верувајте ми дека ќе немаат материјал, ќе немаат средства да набавата за да ги обават услугите што ги бараат сите клиники. Ќе настапи колапс на целокупното работење во јавното здравство.

Имам впечаток дека ова е прв министер за здравство во историјата на македонското здравство и прв директор на Фондот за здравствено осигурување кои не се борел, не барал дополнителни средства од Владата. Не бараат дополнителни средства од буџетот на Република Македонија кој ќе се однесува за зголемување на буџетот на Фондот за здравствено осигурување. Секогаш треба да се бараат мерки бидејќи општ впечаток е дека не се доволни средствата во Фондот за здравствен осигурување. Треба да се бараат нови мерки за да се надополни тој буџет за здравствено осигурување на Република Македонија за да имаме ефикасна работа на јавните здравствени организации.

Не сакам да се навраќам, сега некој може да каже дека и пртходната Влада не била, но се трудеше да донесе барем неколку мерки со кои касата на Фондот за здравствено осигурување се зголемува. Тоа беше мерката кога со одлука на Влада е донесена продажбата на аптеките и сите

останати здравствени јавни организации парите да не одат во централниот буџет на Република Македонија, туку парите да одат во касата на буџетот на Фондот за здравствено осигурување. Тие пари не беа малку, тие беа 14 милиони евра. Исто така, се донесе една одлука од секое пакло продадени цигари да се одвојува одреден процент за здравственото осигурување. Се планираше тоа да се направи и од секое литро продаден алкохол, да се направи и од сообраќајното осигурување на сите граѓани на Република Македонија, барем да се покријат оние болести, потребите од финансирање за оние болести кои се директна последица од претераното конзумирање алкохол, тутун или сообраќајни несреќи. Исто така, во план беше да се зголеми од 4 до 6% вкупниот Буџет на Фондот за здравствено осигурување заради зголемување на капиталните инвестиции во јавните здравствени организации, како би станале конкурентни за реформите кои престојат односно конкурентни на приватните здравствени организации и да не се губат пациентите од јавното во приватното здравство.

Последниве неколку месеци сведоци сме, целата македонска јавност тоа го знае дека секојдневно се ускратува по некое стекнато право на здравствените осигуреници. Ова не е ништо ново. Секоја влада на ВМРО-ДПМНЕ ги ускратува драстично правата веќе стекнати на здравствените осигуреници. Во 2000-та година ги ускрати правата на здравствените осигуреници кои се над 65 години, значи на постарите луѓе, и на децата до 15 годишна возраст, кога потполно бесплатното здравство за тие лица од 1945 до 2000 година го направи со партиципација. Наместо да поврати сега некои од тие одземени права, бидејќи тогаш беше одземено и бесплатното лекување по основ на болест и тоа, замислете, на тешки и на многу чести заболувања. Ќе дадам пример. Во 2000 година се воведе партиципација за лекување во специјалистичко консултативните дејности и за лекарства на болните од инфаркт и болните хипертензија. Стотици илјадници имаме болни од зголемен крвен притисок, имаме илјадници и илјадници болни од инфаркт и по многу други основи без драстично намалени веќе стекнатите права на здравствените осигуреници. Кога сега се надевавме дека барем некое од тие одземени права ќе биде вратено со Новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ, се отиде спротивно. Секојдневно сме сведоци на одземање некои други права. На пример, се донесе одлука пред десетина дена за прекинување на рефундирањето на лекарствата од најтешките заболувања, со образложение дека тоа се прави заради корупциско криминални работи, дека лекари имало криминалци и корумпирани кои ја злоупотребуваат таа одлука. Од неможноста за контрола, да се воспостави контрола на тој простор, најлесно е да се укине одлуката или да се укине законот, како што направивме со Одлуката донесена за укинување на дополнителната дејност, бидејќи немало добар механизам за контрола на менаџирањето на тој процес. Се доведоа во прашање многу сиромашни луѓе кои не можат навистина да ги плаќаат месечните и секојдневни потреби од тие лекови. Беше дадено едно известување дека се користеле, дури, лекарите со нерегистрирани лекови. Сосема нормално, господине заменик министер. Која светски позната веледрогериска фирма има интерес за стотина ампули да регистрира лек, прочуен светски лек да регистрира во Република Македонија, бидејќи има многу ретки болести. Има болести од кои се заболени мал број пациенти и не и се исплатува на таа фирма да го регистрира лекот. На крајот на краиштата, тие не не молат нас да го донесеме тој лек, ние ги молиме нив, тие фармацевтски куќи да го донесат тој лек.

Се зборуваше дека за 200 до 400 пати се плаќале поголеми суми за некои лекови. Знаете ли кои лекови беа тие. 200 пати беше поскап лекот "Плавикс", кој е неопходен и најдобар во светот за пост инфарктни состојби, кој чини пет илјади денари на сметка на аспиринот кој е многу ефтин. Но како се даваше тој лек? Тој лек се даваше со конзилијарно мислење и единствен услов беше ако пациентот е алергичен на аспирин. Не можеме ние сега аспиринот да им го натураме на тие луѓе кои се алергични на аспирин. Вие знаете дека тие ќе се задушат и ќе умрат.

**Љубиша Георгиевски:** Користам прилика да не ве прекинувам, ама еве, една минута е повеќе од 14,00 часот, па можете да продолжите после пауза.

**Кире Гештаковски:** Може.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам за разбирањето.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Има збор пратеникот Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине потпретседателе. Само да кажам дека моето излагање го прекинав во делот кога зборував за одземањето на правото за рефундација на лекови. Прекинав со дискусијата околу проблемот со нерегистрираните лекови. Зборот ми беше дека големите светски компании немаат интерес да регистрираат тука лек кој се користи во мали количини, бидејки не им е интересно финансиски. А ние во нашата држава и во секоја држава имаме луѓе заболени од ретки болести кои се изразуваат со десетици, некогаш стотици, како што е примерот со склероза и церебрална парализа, некои поретки заболувања од рак кај деца и кај возрасни, бубрежни и срцеви заболувања. Тие средства што ги оделува секое семејство за нивниот болен да се лекува во фамилијата се големи. Само ден пример. Потребни се 20 илјади денари за да се лекува едно дете заболено од церебрална парализа. Со

новата одлука на Фондот не му се рефундираат парите како досега од Фондот за здравствено осигурување. Што значи сега таа одлука? Значи, болните деца од такви болести ретки, ќе напоменам и тешки кои сиромашните родители не можат да ги платат, што значи тоа, нивните деца да умрат во најстрашни маки, бидејки не се во состјба да ги користат најновите, најдобрите, со најмалку штетни дејства лекови кои се покажале како такви во светското здравство. Вие господине заменик, не смеете да донесувате вакви одлуки се додека здравството во Република Македонија по Устав и по Закон се темели на социјално и на солидарно здравство. Таква е рамката. Што значи солидарно здравство. Солидарно здравство значи да плаќаат сите зравствени осигуреници, а парите да ги користат тие на кого во моментот му се најпотребни. Значи, ќе мора да барате или измена на законите и Уставот на Република Македонија да го редефинирате македонското здравство по Устав, па да се однесувате вака во иднина.

Наместо да ја прошрите позитивната листа, вие што направивте? Не го дозволивте тоа, ги отстранивте барем тие 33 лека што се најдобри иако имаше дозвола и од Светска банка, иако имаше средства обезбедени од Фондот за претходните болести што ги наведов за во меѓувреме да набавите, да нарачате лекови во такви количини како 2 милиони граѓани на Република Македонија да страдаат од депресија и од шизофренија. Наместо да ја поправите основната работа со снабдувањето на населението и на граѓаните на Република Македонија со лекови, вие драстично ја влошивте. Сега во моментот најодговорно тврдам дека лекарства од позитивната листа има само 3,4 дена во месецот. Што направивте во последните денови со вашите небулозни одлуки на Фондот за здравствено осигурување? Донесовте Одлука матичниот лекар, концесионерот да има право годишно да напише само 4 рецепти за стар човек, за стар пациент, а само 2 рецепти да има право да напише годишно за млад човек. Знаете ли што значи тоа? Знаете ли колку рецепти месечно трошат старите и хронично болни луѓе? Го максимилизиравте бројот со одлука исто така на 7 милиони годишно да се напишат рецепти во сите три столба на здравствена заштита. Во 2002 година беа напишани 5 милиони и 100 рецепти за да во 2004 година бројот на издадени рецепти на лекови од позитивната листа изнесува 10 милиони. Значи од 2002 година, до 2004 година се удвостручи бројот на издадени рецепти и на примени лекови од граѓаните на Република Македонија од лековите на позитивна листа. За да сега повторно го вратите на 7 милиони рецепти годишно. Еднострано се раскинаа три изјави и договори со концесионерите во примарното здравство и со другите јавни здравствени организации. И во ред е тоа да се направеше, бидејки го оправдавте со потпишување на договори претходните биле наводно во четири очи, иако тоа нема никаква врска, го оправдавте со корупција и криминал, бидјеки треба секоја здравствена организација да ги исполни сите стандарди пропишани од Министерството за здравство за да отвори јавна здравствена организација. Мора да ги исполни сите услови за да добие лиценца и дозвола за работа таа јавна здравствена организација. Сега наводно во името на транспарентност, одговорност и подобри здравствени услуги кои се четирите основни зборови на преставник од Министерството за здравство и од Фондот за здравствено оосигурување, а во меѓувреме се работи сосема спротивно. Ги раскинавте тие 3 иљади договори и направивте тотален хаос, бидејки 5 месеци не сте организирани, не ги обновивте, не ги донесовте лиценците за работа, а после тоа да потпишат тие здравствени организации договори со Фондот за здравствено согирување и да почнат нормално да работат. Што се случи? Пет месеци немате исплатено ниту денар, иако законски имате обврска да плаќате аванс по глава на осигуреник кој е запишан кај секој матичен лекар. И сега тие се снаоѓаат како што ќе стигнат, купуваат инекции од сопствен џеб, плаќаат кирии, плаќаат сестри, плаќаат болничари, плаќаат чистачи и т.н. Иако е противзаконски почнаа да собираат еден вид арач, еден вид на партиципација од пациентите по 50 денари, а после ќе ги враќале кога ќе ги добиеле парите од Фондот за здравствено согирување. Пред неколку дена и директорот на Фондот за здравствено согирување даде изјава со која ги поттикнува граѓаните, пациентите да им помогнат на докторите во овие тешки времиња, иако е противзаконски да ги финансираат лекарите.

Најголемо остварување покажавте ког апред неколку дена Фондот за здравствено согирување донесе одлука како некоја добра намерада им исплати по 40 иљада денари на секој концесионер како аванс за последните два месеци кој после добивањето на парите по глава ќе му бидат одбиени на концесионерот. И замислете, со образложение, со овие 40 иљади денари за два месеци да се платат платите на вработените, на докторот и сестрата, да се плати струјата, киријата. И одите уште подалеку, да се обноват, да се осовременат ординациите и апаратите во ординациите.

За референтните цени не сакам да зборувам, бидејки имам повеќе пати зборувано и не сакам да се повторувам. Сакавте повеќе тендер да распишете 60, 70 милиони евра. Ако сега имавте референтни цени ќе испаднеше одлуката за рефундирање, бидејки министерот синоќа го слушав и рече: една од причините за укинувањето на рефундирањето на цените била и таа што многу високи цени се признавале од Фондот за здравствено осгирување. Само со воведувањето на референтни цени ќе се постигне плафонот, односно највисоката цена која ќе ја признава Фондот за здравствено осгирување. Се што ќе сака пациентот, или лекарот да препише во договор со пациентот што е над тој плафон што го признава Фондот за здравствено осигурување ќе падне на товар на пациентите и ќе се изгубар

оние стравувања ваши дека по 200, 400 пати се плаќале поголеми цени со рефундирањето.

Што направивте со укинувањето на дополнителната дејност? Дефектите ги видовме пред неколку дена, буквално онака како што ви ги кажувавме пред неколку месеци. Најголемтие стручњаци се спремаат, или веќе заминаа од јавното здравство, а грижата за сиромашните пацинети се виде баш пред два дена кога се објавија ценовниците на дополнителната дејност во јавните здравствени организации. Па така сега сиромашниот граѓанин кој сака дополнително да се лекува и не е по негова волја, со договор со лекарот, ќе се договори лекарот и пациентот да го прими вон работно време за да ги поделат парите, бидејки една консултација, еден совет ќе чини 2 илјади денари, придружба за критично болен ќе го чини пациентот од 15 до 20 илјади денари, значи 2, 3 месечни плати, а за операциите и да не зборувам. Тие се веќе во илјадници евра. И сега со кое право осигуреник кој цел живот плаќал редовно здравствено осигурување ког аму е најпотребно, кога неговиот живот е во критична состојба и кога му треба најповеќе помош, тој не ќе може без 25 илјади денари да плати придружба за да во таква критична состојба да стигне до таму каде што треба да му се даде таа помош. Значи, дефинитивно Социјал демократскиот сојуз на Република Македонија и ВМРО-ДПМНЕ идеолошки се разликуваат во сферата на здравството.

Вие сакате профитабилно здравство, профитабилен Фонд за здравствено осигурување. Вие мислите дека здравството е трговско друштво кое треба да работи профитабилно. И тоа ќе биде се во ред и исправно, ако го смените Уставот, ако ја снема солидарноста и социјалата во државата. За да го постигнете тоа ви предлагам да направите повеќе измени. Заборавате дека секој здравствен осигуреник е должен по закон и Устав да плаќа задолжително здравствено осигурување и го плаќа перманентно, дали тоа му било потребно, или не. На пример, сите пратеници плаќаме за здравствено осигурување месечно по 150 евра. А годишната цена пер капитум на граѓанин на Република Македонија е 140 евра. Сега ако сакате да постигнете профитабилно здравство ќе треба да се откажете и да ги враќате парите на тие што во годината не ги искористиле, бидејки од нив има 20 години што не искористиле здравствена услуга. Или воведете дополнителен, или доброволен фонд за здравствено согирување, или исплаќајте ја платата бруто, а не нето, за да имате оправдание, бидејки собирате пари од сите здравствени осигуреници, а после му ја одземате можноста по сите овие основи што ги зборував да не му ги ускратувате здравствените услуги. Значи, секој ден му задирате во џебот на секој здравствен осигуреник, а во исто време му го ускратувате бесплатното со закон признато право за лекување. Само за 6 месеци ги направивте сите овие небулози. Во моментов и не можам да се сетам на сите, бидејки секојдневно ги има. Вие кажувате дека ревносно работите по 24 часа и во празнични денови и за време на викенди. Но сега сум убеден дека работите само една недела. Останатите три недели ги трошите за фалење и рекламирање по медиуми. Бидејки ако работевте, вакви работи немаше да се случуваат. Да викажам право ме радува еден факт, ја губите подршката од медиумите и од јавноста. Успеавте веќе, гледам последната недела вашето Министерство да ги заземе првите страници на сите пишани медиуми, да ги обезбедите првите 5 минути од сите електронски медиуми. Нема повеќе изигрување на среќно, весело и успешно претставување на Владата на Република Македонија. Проработи свеста и совеста и патриотизмот кај медиумите, посебно кога се работи за најчувствителниот дел во Република Македонија, во сферата на здравството каде што грешките се плаќаат со крв.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Кој од пријавените е за реплика?

Три минути реплика пратеникот Јован Гинев, повелете.

**Јован Гинев:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Изненаден сум од дискусијата на мојот колега Кире Гештаковски кој зборуваше популистички и надвор од темата на законот, тоа е Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување. Тој повеќе зборуваше и направи осврт и критики на Законот за здравствена заштита кој беше пред неколку дена донесен и за неговите аномалии. И тогаш и сега повторија дека голем број од професорите заминале. Јас и тогаш и сега кажувам дека прво, заминаа двајца еминентни професори од Клиничкиот ценат кои се пред пензија и имаат сопствени здравствени организации каде што и претходно си ги обавуваа своите дејности. Но, за тоа толку.

Не ми е јасно врз база на кои аргументи господинот Кире Гештаковски обвинува однапред еден Предлог на закон за здравствено осигурување кој што уште не е донесен што според неговите искажувања предвидува легален грабеж на Фондот со двајца директори. Дали тоа се базира врз аргументи од претходни искуства од поставените директори и министри на Владата на СДСМ каде што господинот екс министер за здравство, еден од побогатите и за време на пригодни празници на највидните дами, првите дами од СДСМ по основа на незнам какви празници им обезбеди убави подароци од парите на Фондот за здравствено осигурување. Исто така, си направи уште една убава травијална прошетка на најстарата цивилизација на светот Република Кина со сопствените пријатели, колеги и со сопругите каде што беше на товар на Фондот за здравствено осигурување. Така што на крајот на неговиот мандат т.е. и директорот на Фондот остави пустош во Фондот за здравствено осигурување над 80 милијони евра загуба. И затоа

од таквата поука нашата Влада предвидува двојно раководење со Фондот за здравствено осигурување каде што во контрола на потписите ќе бидат и двајцата. Така што не може да се легализира грабеж кој што во претходните влади беше овозможен.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Му благодарам на мојот ценет колега за репликата. Надвор од законот, се извинив на почетокот дека морам да употребам и некои работи бидејки во законот не се понуди ништо, освен воведувањето на два директори. Но, најодговорно тврдам за сите одлуки што беа поврзани а донесени од Фондот за здравствено осигурување. Значи не зборував за Колективниот договор, непочитувањето и зголемувањето на платите, не зборував за Клинички центар. Зборував само за работи поврзани со работењето на Фондот за здравствено осигурување.

Околу претходното раководење и тие фамозни 10 илјади. Па точно и за тоа зборував. Медиумите тогаш година дена, во сите медиуми тоа беше кажувано секојдневно. А сега кога Фондот за здравствено осигурување и Министерството напоредно направија новогодишни коктели во износ од 800 илјади денари, значи 80 пати поскапи од ова, немаше ни три реда напишани во медиумите. И точно за тоа зборував колега.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеникот Марија Андоновска.

**Марија Андоновска:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван господине Гештаковски, вие не ги разбирате доволно реформите што се спроведуваат во здравството, не сакате да ги разберете или воопшто не сакате да има реформи. Како што ги немаше во времето кога вие владеевте, штитејќи само една одредена група и одреден интерес.

Зборувавте како касите на Фондот биле полни. Не знам дали се полнеле касите во Фондот или нечии џебови и како може од најзадолженото Министерство да излезе најбогатиот министер.

Оваа влада и Министерството за здравство имаат за цел да го стабилизираат здравствениот систем во Република Македонија со воведување на нови реформски закони, вклучувајќи го и овој за кој што денеска дискутираме, се настојува да се подобри улогата на Фондот како стратешки купувач на услуги, да се спречи корупцијата и да се подобри ефикасноста.

Да ве потсетам и дека освен дополнителна дејност, за што зборувавте, постои и јавно здравство што и понатаму ќе ги опслужува граѓаните.

И, на крајот, постави едно прашање на кое што можеби и вие можете да ми дадете одговор, каде е поранешниот министер за здравство господинот Владо Димов и дали може да се процени штетата што тој на нанесе на здравството? Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам,

Една минута контра реплика господинот пратеник Гештаковски Кире, повелете.

**Кире Гештаковски:** Благодарма на колешката.

Познато ми е зошто се оди со вакви напади дали се разбирам во реформи или не.

Реформите прави и единствени беа во 2005 и 2006 година, за прв од независна и суверена Македонија, после 1990 година.

Сега вие зборувате за некои реформи. А, реформи, сами заклучивте дека нема во ова законско решение. И дајте, прекинете уште еднаш со повикување каде ви е министерот за здравство.

Додека ние ги баравме тогашните министри и директори Војо, Ламбе, Далаверски и компанија ни одговаравте-вие ги имате инструментите, најдете ги. Сега, повторно велите каде ви се тие? Па, сите инструменти се во ваши раце. Сега опозицијата треба да ги бара? Кој ви брани? Ги имате сите инструменти, ги имате сите обавештајни служби, сите судови, полиција и сите истражни органи ги имате. Кој ви брани да ги најдете. Сега ние ли треба да ги бараме?

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Собранието, сепак не може да се тргне од дневна политика дебатирајќи по било кој закон.

Само кратко сакам да дискутирам по овој заон, затоа што е исклучително краток. Иако тој се содржи од 10-тина членови, ако ги исфрлиме казнените одредби од законот тој има една новина, а тоа е дека со Фондот за здравство наместо еден директор, треба да управуваат два директори. И, потточката е дека едниот од нив може да биде и странец.

Ако, господине заменик и господине потпретседател и почитувани колеги тоа се реформите во здравството, тогаш јас сум Винстон Черчил. Ако се и ако биле толку лесни реформите и ако толку биле големи а никој не знаел да ги направи па сега ова е големиот реформски чекор што ќе го извадел здравството итн, прочитајте што предлагаме, ќе ви стане јасно. Немаме доверба дека еден човек може да управува, именуван од Владата, со јавните средства што ги двоиме сите вработени во Република Македонија од придонесот за здравство, па му даваме контролор, со врзан потпис, два директори. Тоа е се. Тоа ништо нема да мрдне во здравството, цигла нема да мрдне ако Владата не верува во човекот кого го избрала, во овој случај, ако не се лажам, се презива Тренковски. Ако Владата не верува на господинот Тренковски, кого сама го именувала, па сега му дава уште еден кој треба да потпише за било кој денар или одлука што тој ќе ја донесе и ако е тоа реформа, не знам тогаш што треба да направи оваа држава да се извлече од кризата? Тоа не се реформи. Тоа се инструменти на раководење со Фондот, што

ништо нема да помрднат, освен што ќе се обидат да ја решат недовербата кон сопствените функционери. Со оглед дека и заменикот го именува повторно Владата, мене ми е јасно што ќе се случува. Ништо нема да се промени, само што ќе има меѓусебна недоверба и уште еден функционер на платен список кој ќе биде исто именуван од Владата. Идниот чекор, претпоставувам, на ова ќе биде паралелен министер за здравство. Ако за 6 месеци не функционира, идниот чекор ќе биде уште една реформа, двајца министри за здравство со врзан потпис. Или, заменикот да биде со врзан потпис со министерот. Кој ги именвуа, повторно двајцата премиерот ги именува.

Од ова нема ништо. Јас се чудам, ќе употребам можеби еден погрден збор, зошто Владата го гњави Парламентот со закони во кои има еден амандман? Закон за измена на закон со еден член. И, ајде, расправајте за реформи.

Во понеделник, господине потпретседателе вие имате закажано уште една седница на Парламентот на кој повторно истиот закон е на дневен ред, повторно со два нови амандмани. Проверете го дневниот ред за понеделни, денеска е четвртоk. Веќе вториот работен ден од денеска, еве под услов денеска да се донесе законот, повторно ќе дебатираме за истиов закон, од истиот предлагач, со нови два амандмани.

Јас, би ја замолил Владата, ако мисли нешто да направи во здравството, не како кому ќе падне на памет во Владата да бара една измена во Законот за здравствено осигурување, предложи закон во Собранието. Расправајте три дена по комисии, три дена по Собрание, а додека ние расправаме му текнало уште една измена, повторно предложи закон. Во моментов од ист предлагач два закони за измена на истиот закон и двата со по два амандмани. Освен оние техничкине одредби, кој колку ќе плати казна ако не се придржува на тоа што е.

Барам, согласно членот 76 и 77 од Деловникот на Собранието претставникот на Владата да се изјасни по моето барање, да го повлече актот од процедура. Да го спои со она што е на дневен ред во понеделник и да седнат, малку посериозно, ако мислат да направат некоја реформа во здравството, да вообличат еден закон со поголем број на измени и да ни го достават ние да расправаме по него. Инаку, на секоја седница по еден амандман од здравството да добиваме, тоа значи дека се нема концепција. Дошла Мисија на ММФ-рекла двајца директори. Заминала Мисијата. Дошле од Светска банка им рекла хармонизирајте ги основиците. Закон. Утре ќе дојде новата Мисија од Светска банка или од ММФ, ќе им побара уште нешто што помина пред месец дена, исто кога разговаравме.

Не можеме ние постојано, на секоја седница да гледаме по некој амандман од здравството. Или имаат концепција да доставаат закон за измени, сериозен, еднаш да расправаме или, извинете на изразот, нека не не гњават секоја седница со по еден амандман во здравството. А, тие реформи не се тркалаат. Тоа е сосема очигледно.

Еве, денеска, господинот Оли Рен нешто кажа што важи за здравството во овој момент. Реформите во Македонија се уназадуваат. Тој не употреби ниту израз стагнираат. Се уназадуваат. Одат назад. Што тоа значи во здравството? Вие можете да правите популарни реформи кои, за тоа за што ги правите, за таа дејност, во овој случај здравството, создаваат лажна слика дека работите одат напред, всушност системот тоне надолу. Сите популарни реформи или популистички, како сакате кажете ги, на истата етимологија базираат, се исти. Имате популистички методи, дејноста тоне надолу, Владата во јавноста создава впечаток дека состојбата е подобра. Или, имате тешки реформи што јавноста ги отфрла, меѓутоа дејноста оди нагоре.

Кај Владата, во овој момент имаме апсурд, за што говореше господинот Гештаковски. Предлага популистички и популарни методи во здравството, а работата во здравството, во јавноста, оди надолу. Ако веќе популарноста на здравството и на оние кои ги водат реформите оди надолу, а тоа е факт, состојбата е се полоша. Тогаш, барем направете некои посуштински реформи, ако популарноста се лизга надолу, да знаете дека нешто сте оставиле за иднината. Сите реформи, оној кој ги изведува, е непопуларен. Тоа е совршено јасно. Вие, ем правите популарни реформи, двајца директори на секоја клиника, двајца директори на Фондот, странци, врзани потписи, апсурдни членови, овој член што е овде 58-А, ако директорот потише, вториот не потпише, во рок од 5 дена Управниот одбор носи одлуки. Па знаете ли вие колку потписи на ден става директор на Фондот? Ако е тоа навистина контрола, ние ќе имаме, јас ве убедувам, континуирано заседание на Управниот одбор кој, во рок од 5 дена, откако не се потпишал едниот, а другиот потпишал, треба да донесе конечна одлука во наредните три дена. Тоа значи постојано пренесено на Управниот одбор и на крајот нема да знаеме дали управува директорот, дали управуваат двајцата директори, дали Управниот одбор. Секогаш ќе го пренесуваме тоа што е надлежност на Владата на некој друг. Па Фондот не можел, па клиниkоте, па во клиниките имало други клиники, директорот вчера соопштува, на Клиничкиот центар, тој немал надлежност над нив, па ќе барал извештај зошто така правеле во клиниките, па додека стигнете до министерот и заменикот, сто пречки. А ние, во Собранието, само нив сме ги избрале, и никој друг да раководат со здравството. Се е во нивни раце. А, секојдневно ги слушаме оправдувањата на нивото од петтото ниво па надолу во здравствениот сектор. Одреден директор, на одредена клиника, директорот на Клинички центар барал да му поднесе извештај што работел и како работел, па тој ќе донел оцена. А тој е именуван од Управниот одбор, кој е именуван од Фондот, а Фондот од Владата, а ние

сме ја избрале Владата. Тие сега го продлабочуваат ова. Уште повеќе навлегуваат надолу во хиерархијата. Уште еден директор, уште една надлежност на Управниот одбор, нема крај на тоа.

И, плус, за два дена имаме, како што реков, нова расправа. Еднаш дајте го пакетото во здравството во целина, да видиме што предлагате и да расправаме по него.

Јас одбивам, почитуван потпретседателе на ваков начин Парламентот да се маргинализира и инструментализира. Секој втор ден еден ист закон менуваме.

Затоа не се согласувам со ова. А со изборот на двајца директори, што се однесува до мене, во крајна инстанца можам да го поддржам. Тоа ништо нема да влијае на ситуацијата. Тоа е ништо. Како да ставиме двајца потпретседатели на Собранието да раководат бидејќи господинот Анастасовски не знае да раководи со Собранието. Ако директорот Тренковски не знае да го води Фондот за здравство, сменете го директорот Тренковски и ставете човек кој ја има ситуацијата во раце да раководи со Фондот. Не се решава со двајца потписници. Однапред кажуваме дека немаме доверба во оној кого го именуваме. Апсурдна ситуација.

Барам, согласно Деловникот  член 76 и член 77 предлагачот да се изјасни по моето барање од претрес да го повлече актот, затоа што веќе на наредната седница, што е за два работни дена, повторно истиот закон е доставен со измени, да ги соедини, да ги унифицира во еден и да расправаме за нив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас ви благодарам почитуван колега.

Само за ваша информација, инаку барањето ми е легитимно, на 30 ноември 2006 година, започна процедурата со оваа седница, тоа значи дека тогаш отворена оваа седница со овој дневен ред. Во моментот овој закон токму денеска да го расправаме. Реков дека вашето барање е легитимно. Тука е предлагачот кој се јавува за збор да дообјасни по однос на вашите барања.

Повелте, има збор заменик министерот за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам потпретседателе.
Навистина, вака едукативно беше излагањето на пратеникот Никола Поповски, поучен веројатно од големите искуства и успеси што ги постигна СДС во раководењето со здравствениот сектор во изминативе 4 години. Ние не се согласуваме, сакаме овој закон да помине денеска, поточно овие измени како што напомна потпретседартелот беа доставени уште во ноември, така што не го прифаќаме предлогот. Одиме по правило.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеникот господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Господине Лазаревиќ, Ви благодарам. Искуството што го спомнавте, што го имам во овој Парламент ми укажува дека со ваква ароганција најчесто министрите завршуваат неславно.

Ние го прашуваме зошто нема концепт за реформи, тој одговара за СДСМ во изминатите 4 години. Па дури, ако сакате да знаете, мислам дека вие , само за 4 месеци, како заменик го допревте дното во здравството. За само 4 месеци го допревте дното. И сега, оправдувањето ви е изминатите 4 години. Оставете ги изминатите 4 години. Таму имало и добри и лоши работи. Гледајте вие да ги направите добрите работи.

Меѓутоа, што се фаќате таму, јасно ми е дека немате доволно аргументи. Имате недостаток аргументи. Наместо да се грижите зошто, на пример, цените во Клиничкиот центар во илјадници денари секој ден напредуваат, зошто оној ваш директор на Бирото за лекови еден месец отиде да ги дели лековите лично на пациентите да се увери, во што? Дека на 5 февруари нема веќе на позитивната листа од февруари? И тоа ви е вашата реворма? Тоа ми го кажавте сега? Што не води повторно во февруари, сега на 6 февруари да ги дели лековите? Затоа што ги немате веќе. Затоа што се ви колабира во здравството. И, само продолжете така. Давајте ги аргументите за минатите 4 години. Такви заменици министри и министри поминале многу. Трага не оставиле. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути за реплика пратеник господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Внимателно ја следев дискусијата и претходно на Гештаковски, и на господинот Поповски, навистина не ми е јасно во врска со оваа реформа, како што ја претставува Владата. Бидејќи на корицата од Предлогот на закон пишува предлагач Владата на Република Македонија, претставници се министерот и заменикот министер, го користам присуството овде на заменикот министер, Лазаревиќ, навистина да ни го објасни, на јавноста, еве го претставуваат тоа како реформа.

Кој е тој толку паметен кому му текнала ваква паметна реформа? Навистина не ми е јасно. Навистина, кој ја смислил оваа реформа? Навистина што е смислата?

Сакате да задоволите, да отворите нови работни места, на овој начин да ја реализирате Програмата “Во 100 чекори”? Странци во една институција, странци во друга институција. Ова само ќе придонесе за заматување и задскривање на одговорноста. И, нови плати на функционерите или да си ставите евентуално партиски кадри ваши, да згрижувате некои партиски членови што сте им ветиле дека ќе ги вработите или ќе им дадете некоја функција или некој кој е незадоволен, затоа што сеуште не добил функција. А, во меѓувреме за 20 евра во просек се

намалени платите на здравствените работници. Тоа е вашата реформа?

И, кого вие овде замајувате? Слушавте денеска што зборуваше Оли Рен. Тоа се однесува за целокупната политика на Владата, (дофрлање) да, да за целокупната политика на Владата. Ова не се реформи. Ако е ова врвот на мудроста, на реформите во здравството на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, тогаш не знам, целото здравство ќе ни биде болно од ваквата политика на Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Пропдолжуваме со претресот.

Има збор пратеник господин Пачемски Миле.

**Миле Пачемски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министре, почитувани пратеници,

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување ќе го поддржам особено оној дел што се однесува во делот на раководење и управување со Фондот за здравствено осигурување.

Процесот на управување во целиот систем, драги колеги или т.н. менаџмент е релативно нова наука што се применува кај нас во Република Македонија, меѓутоа не и во светски рамки. Тоа е состојбата во која што се наоѓа нашето здравство, што ни наметнува една итна и неодложна потреба да ги внесеме овие нови вештини во системот на раководење и управување со здравствениот систем, значи овие вештини на управување на раководење.

Одтука, менаџментот не можеме да го сфатиме само како наука, туку тоа е професија. Тоа е уметност што мора да биде применета, ако сакате да кажам тоа е и вештина да се применат такви мерки да постигнеме позитивни резултати. Тоа, во еден систем каде имаме ограничени ресурси, како што е здравствениот систем.

Економистите добро знаат дека еден посебен тренд на сите континенти, ширум светот, па и кај нас, дека се одделуваат посебни оддели, посебни департманти, кои се именувани како здравствен менаџмент.

Имам сознанија дека и кај нас, во Република Македонија има лица кои бранат докторски дисертации на оваа тема, здравствен менаџмент.

За потсетување, драги колеги, да ве потсетам дека во 2000-та година Фондот за здравствено осигурување се одделни од Министерството за здравство и од тогаш почна да работи како посебно правно лице. Од тогаш, од 2000-та година до денеска тој Фонд за здравство постојано прикажува, од година во година, загуби и тие загуби постојано се зголемуваат.

Тоа беше причината да Владата во минатиот состав, во 2005 година донесе еден т.н. Акционен план во кој што се наведени неколку низа активности и мерки што беа насочени да се решат овие проблемми со загубите во Фондот за здравство. Во тој План постоеа мерки што беа во доменот да се ограничат финансиските подршки на здравствените установи, односно постоеше еднен лимит, еден ограничен плафон до кој што можеле да дојдат тие здравствени установи, потоа постоеше мерки, како што кажа колегата Гештаковски, дека сите здраствени уставнови даваа месечни и квартални извештаи до Фондот за здравство, а обратно Фондот за здравство пак праќаше ревизори во тие здравствени установи како се трошат тие пари. Дали се трошат наменски или ненаменски.

Меѓутоа, сите тие мерки почитуван колега не дадоа реформи, не дадоа позитивни резултати. Загубите во Фондот за здравство и понатаму се таложеа. Владата во минатиот состав виде дека од тие реформи нема некое подобрување и затоа го лоцираше проблемот дека можби е проблемот се наоѓа во системот на раководење и управување со Фондот за здравство. Меѓутоа, се случија после изборите и еве сега оваа Влада, актуелната Влада е таа која што презема реформи, измени во Законот токму во оваа област, во областа на раководењето и управувањето со Фондот за здравство. Дека навистина расправаме за една сложена и комплексна материја ќе потсетам дека Фондот за здравство на Република Македонија е најбогатиот, најголемиот фонд во Република Македонија. Во 2006 година неговите приходи беа 260 милиони евра, додека загубите беа 272 милиони евра. Расходите беа 272 милиони евра, што значи имаме една разлика односно дефицит во Буџетот за Фондот за здравство од 12 милиони евра. Значи, ако знаеме дека Буџетот на Република Македонија изнесува 1,8 милијарди евра за минатата година и ако ги спoредиме со овие 260 милиони евра, ќе видиме дека 1/7 од целиот Буџет во Република Македонија отпаѓа токму во Фондот за здравство. Оттука навистина овој проблем е битен. Сигурно дека секој сака да знае кој со тие пари управува и како тие пари ги менаџира. Рековме дека дефицитот на Буџетот во Фондот за здравство изнесува 12 милиони евра, споредено со 2006 година. Сепак, не е тоа реалната загуба, затоа што ние знаеме дека вистинската загуба во Фондот за здравство изнесуваше преку 90 милиони евра за минатата година. Меѓутоа, со ребаланс на Буџетот оваа загуба ја нашминкавме и официјално во документите стои дека таа загуба изнесува 12 милиони евра. Сега, ако споредите дека вкупниот дефицит во Буџетот на Република Македонија во минатата година изнесуваше 40 милиона евра, од тие пари имаме 12 милиони евра загуба само во Фондот за здравство и тоа е однос 1/3 односно 1:3. Значи, имаме пари во Фондот за здравство 1/7 од целиот Буџет, а имаме загуби 1/3 од загубите во дефицит на Буџетот на Република Македонија. Мислам дека со овие бројки кои се факт кои ние ги усвоивме во ова Собрание, ќе се сложите дека навистина се работи за една сложена и комплексна материја на која што ние мораме да и посветиме максимално внимание. Реков дека загубите во минатата година

изнесуваат 90 милиони евра. Но, не е тоа целата загуба односно не се тие 260 милиони евра пари кои се потрошени за здравство. Постои еден поим кој што се вика приватно трошење во здравство, а тоа е поим кој што никаде не фигурира, во ниеден извештај. Тој приватен фонд односно тоа приватно трошење во здравството изнесува околку 100 до 120 милиони евра. За што се работи? Кога пациентите одат во аптека и сакаат да земат некој лек, а тој лек не оди на рецепта, тогаш вадат пари од својот џеп и го купуваат лекот. Тоа значи од споствени пари. Или пак, да речеме, одат во аптека, лекот оди на позитивна листа, меѓутоа во моментот го нема во таа аптека, тие пак од џебот вадат пари и пак го купуваат тој лек. Вадат пари и за разни ортопетски помагала. Вадат пари за разни прегледи кај приватни лекари кои не склучиле договор со Фондот за здравство. Значи, целата оваа сума се претпоставува дека изнесува околу 100 милиони евра. И, сега, и овие 260 милиони евра за минатата година и овие 100, тоа се околу 360 милиони евра кои што се трошат во здравството. Тоа е огромна бројка. Затоа, Владата на Република Македонија или поточно Министерството за здравство преку Фондот за здравство го поднесува овој предлог за да се види кој со тие пари управува и како со тие пари некој менаџира. Дали е подобро да менаџира со тие пари една личност или да менаџираат две личности. Да ве потсетам, почитувани пратеници, дека постоеа неколку извештаи и од ММФ и од Светската банка, но постоеа и извештаи од нашите внатрешни ревизии, кои што беа во Фондот за здравство и кои што рекоа дека постои корупција во овој систем на здравствена заштита односно во Фондот за здравство. Тоа се факти, па сега токму со ова постоење на корупција, поради постоење на големи загуби во Фондот за здравство, Владата на Република Македонија мора нешто да превземе, да се обиде по овој негативен тренд, по оваа голема загуба да се стопира или барем да се намали. И, токму тоа е решението, управување односно раководно лице во Фондот за здравство да бидат две лица, од кои едното ќе биде односно ќе има познавања во областа на економија, финансии, менаџмент, кој ќе има искуство најмалку 6 години, а пак другото лице да биде лице кое ќе има познавање од областа на здравството, здравствена заштита, здравстено осигурување, јавно здравство. Така што, овие две лица меѓу себе би биле комплементарни, би се дополнвале во своите знаења и би биле како едно заедничко лица, кое што би имало врзан потпис. Имено, секој документ, секој финансиски или правен документ не може да биде валиден, ако не е потпишан од двете лица. Впрочем, знаете дека постојано постоеше соменж дека постои некој дил меѓу директори во Фондот за здравство и некоја веледрогерија, или некоја установа која се финансира. Значи, тоа е договор во 4 очи. сега, треба да се постигне договор во 6 очи. ако има договор во 6 очи, помала е можноста тоа да остане како тајна. Тајна може да биде ако има двајца кои разговараат во свој сопствен интерес. Но, ако имаа тројца да разговараат, навистина мислам дека тоа не знам до кога би било тајна. Сигурно дека некој од тие три лица некогаш тајната би ја продал во јавноста. Вие знаете дека во нашата програма Преродба во 100 чекори децидно стоеше една одредба во поглед на здравството дека ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага во Фондот за здравство и во поголемите здравствени установи да раководат две лица со врзан потпис, од кои што едното може да биде и странско лице. Значи, оваа одредба многу граѓани во Република Македонија ја прочитале и токму поради таа работа тие ни дале подршка на последните избори во 2006 година.

На крајот, да потсетам, основна цел на Фондот за здравство е да се грижи и да го спроведува системот на здравствено осигурување на сите граѓани во Република Македонија. Имаме огромни пари кои што се вртат во тој систем, а имаме огромно незадоволство и кај здравствените работници и кај граѓаните на Република Македонија. Тука нешто не е во ред. Многу пари и незадоволство и во оваа облас и во областа на користењето на здравствените услуги.

Сега се поставува прашањето, зошто промени, зошто сакам е да се измени овој закон односно да се надополни со две лица со врзан потпис во Фондот за здравство. Затоа што, ние сакаме со оваа мерка тие загуби да ги намалиме. Или да ги намалиме или да ги анулираме. Тоа го сакаме, а тоа го сака и Владата на Република Македонија. Затоа што, ако овде ништо не преземеме во таа насока, ако седиме со скрстени раце, реков дека загубите од година во година стануваат поголеми и поголеми, ако минатата година загубите биле 90 милиони евра и ако ние ништо не преземеме во овој сегмент, знаете дека тие оваа година би биле можеби 100, 120, 150 милиони евра. Во такви услови да знаете дека ќе дојде до распат на здравствениот систем. Нема да е буквално добро ни за никој, ни за лекари, ни за пациенти.

Сега, бидејќи сега е време за реформи во здравствениот систем, тие реформи, почитувани пратеници, беа напишани уште пред 6, 7 години. Тие реформи кои требаше да се спроведат, беа на хартија. Меѓутоа, тие реформи никој не ги спроведуваше и со тие реформи беше согласна и Владата на ВМРО-ДПМНЕ 1998-2002 година, со тие реформи што седеа и беа напишани на хартија се сложуваше и владата на СДСМ во минатиот состав. Меѓутоа, во овие 6 години никој со тие реформи не се осмели да почне да ги спроведува, затоа што немаше храброст. Секој знае дека кога тие реформи ќе почнат да се спроведуваат, тоа се болни реформи и за лекарите, но и за граѓаните. Сега, времето тоа го покажува. Еве, ние сме сега веќе еден ипол месец во тие реформи, кога имаме приватизација на примарната здравствена заштита, кога имаме закуп на ординации од примарните лекари, кога постои еден период, еден лош период и кога се уште нема добро финансирање на приватните

здравствени лекари. Меѓутоа, има незадоволство и кај пациентите, така што тие ги плаќаат тие здравствени услуги.

Ние знаеме дека тие реформи се болни, знаеме дека тие во моментов не се идеални, а знаеме дека и некаде ќе погрешиме, ние тие грешки не сме знаеле дека ќе ги има кога сме мислеле дека ќе ги спроведуваме реформите. Меѓутоа знаете кога ќе почне еден процес на реформи, тогаш се гледа од каде доаѓат проблемите. Значи, тие проблеми што настанале во тој процес на реформи, Владата на Република Македонија или конкретно Министерството за здравство има должност тие реформи да ги подобри. Еве, еден пример, како што беше оној пример кога беше предвидено да се укинат ноќните дежурства односно лекарите кои дежураат во итна медицинска помош, се виде тоа дека не е добро и затоа се ретерираше. Министертвото за здравство ретерираше во тој став и се дозволи да има итна медицинска помош. Ние можеби ќе имаме и други грешки, ќе имаме и други проблеми ситни и тие ќе ги корегираме, меѓутоа она што е главно почна процесот на реформи. После 6 години почна процесот на реформи. Знаеме дека тој може да биде непопуларен, знаеме дека секоја промена е болна и за лекарите и за граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, во овој момент немаме друг избор, затоа што ако не се сега овие реформи, знаете дека оваа година ќе имаше крах на целиот здравствен систем. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. За реплики кој е од пријавените.

Три минути реплика пратеник господин Гештаковски Кире, повелете.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине потпретседателе.

Во поголем дел од дискусијата на мојот ценет колега се слагам само ќе реплицирам во два дела.

Кажа ценетиот пратеник дека не дале резултати изминатите реформи односно акциониот план од 2005 година, па затоа единствен спас е воведување на подобро менаџирање со два директори. Напротив, исклучиво само акциониот план и мерките содржани во неа го даде резултатот. И јас тука зборувам со бројки и тоа им верува на бројките дадени посебно од оваа Влада, од ова Министерство и од овој Фондот за здравствено осигурување, каде што за 10 месеци со фиксните буџети, со неможноста за правење на нови загуби, со редовните контроли и ревизии, се успеа долгот од 5 милијарди и 100 да се намали на 3 и 800. Јас им верувам на нивните бројки. Ако се продолжеше со тоа темпо за 4 години власт долгот за Фондот за здравствено осигурување ќе станеше нула. И тоа беше поентата. Бидејќи неможеше теоретски да се направи нова загуба директорите не можеа да дадат ниеден денар надвор од фиксираниот Буџет. За тоа требаше одлука на управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување. Единствено имаа право 10% од вкупниот нивни Буџет да дадат средства надвор од Буџетот само за време на елементарни непогоди и тоа беше крај. И сега двата директори ќе мора да се придржуваат на тој закон и пет директори да има мора така да работат и морат тука да стигнат заштедите и да не се прават други загуби.

Втората работа е околу непризнавањето на почитуваниот господин пратеник дека реформите само се зборувало, а не се почнати. Во 2000-та година на претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ не се спроведоа реформите, затоа што не беше донесен законот за јавни установи. Таа Влада сакаше да направи реформи во здравството, без да ги постави правилата на игра, моделите на приватизација на јавните здравствени организации. Прво, требаше да се донесе законот за јавни организации, да се направат моделите за приватизација, па да се поделат јавните здравствени организации, на болници и здравствени домови, па да се подели кадарот, да се подели просторот, па да се поделат апаратите, сето тоа беше направено за да се измени Законот за здравствена заштита во два налети итн. Потоа, се измени Законот за здравствено осигурување и нормално следеше фазата на имплементација кога се беше готово, да се донесат подзаконските акти и да се донесат правилниците. Сега тоа е проблемот што не се прави. Туку, напротив се прават обратни прицеси и се кочат реформите. Ако СДСМ ги добиеше изборите на 5 јули, овие работи ќе беа завршени, како што ги почна, така ќе ги завршеше. Не се бега од реформите.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот господинот Пачемски Миле, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам.

Оние кои што беа преземени во акциониот план на Владата на Република Македонија од 2005 година, тие мерки нема да бидат прекинати. Тие мерки и понатаму ќе бидат во функција, единствено сега се надополнуваат во системот на раководењето и управувањето со Фондот за здравствено осигурување. Мислам дека тоа ќе даде подобри разултати.

Во однос на вториот дел од прашањето на господинот Гештаковски, реформите се во тек, факт е дека тие се само болни реформи со низа проблеми кои што проблеми ќе ги решаваме во тек. Меѓутоа, тоа нема да биде некој долг временски период, што значи мислам дека тие реформи и тие проблеми ќе ги решиме за брзо време. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратенико господин Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Единственото сериозно образложение што го слушнав досега за оваа замислена, така наречена болна реформа, затоа што е крупна реформа, како што кажа мојот ценет колега, е дека до сега ако некој правел дил за нешто од директорите со некого, сега наместо во 4 тоа ќе треба да го прави

во 6 очи и ќе се намали ризикот од правење на дилови. Сега, дали со реформава сакате да им го намалите колачот што треба да го делат 4-те на 6 очи или да ги натерате, да ги стимулирате да бараат што поголем колач за да има подеднакво за сите.

Инаку, почитувани колеги, единствено полошо од монополот во овој случај е дуополот. Значи, кога ќе се "уједисаат" двајцата каде ќе им биде крајот, ако се намерачиле да прват дилови со некого. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Јас останувам на моето мислење дека, сепак, да се направи дил во 6 очи е помала веројатност, отколку во 4 очи. Затоа што , навистина, ќе дојде време ако некој од тие двајца директори на Фондот за здравство ако падне во искушение едниот, сигурно дека другиот малку ќе го повлече и ќе го спречи во таа насока. Затоа, мислам дека би имале, сепак, поправедно, пореално владеење и управување со овие огромни средства во Фондот за здравство. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, во рок од два дена за два различни закони, Законот за радиодифузна дејност кој што вчера го расправавме и денес измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување наоѓаме едно исто решение, една иста матрица, еден ист концепт, воведување во менаџерскиот тим на двајца извршители. До душа, за она што како прашања ги поставував вчера до претставниците на Министерството за транспорт и врски, ќе се обидам на поинаков начин да ги поставам и до заменик министерот за здравство. Доколку сака да одговори, добро, доколку не, ќе останат како дилеми во јавноста, па граѓаните нека просудуваат за логичноста на овие потези. Но, во секој случај иста е матрицата на предложените решенија, прашање е каде се изготвила оваа матрица, кој е овој концепт, што нуди како новитет и дали навистина ќе придонесе за тие силно најавувани реформи, не само во здравството, туку и во другите сектори.

Јас се приклучувам на протестот кој што мојот колега Поповски го кажа на начин на манипулација со овој Парламент, со овој Собраниски дом, на начинот на кој што сме третирани од Владата, бидејќи навистина, мали по нас суштински измени се нудат во континуитет исти закони, со неколку амандмански интервенции на различни седници. И навистина се поставува логично прашањето зошто еднаш не седнат на маса, не си ги консолидираат редовите, не направат една сеопфатна проекција што сакаат да постигнат и нека го имплементираат тоа во еден предлог на законско решение за кое што ќе расправаме, да не се доведуваме во ситуација секоја недела, или кога има паузи по однос на некои проекции од раководството во Собранието, да ни се вметнуваат и овде да се расправаме без суштински да се подобри нешто во ефективноста на таа институција и со усвојување на тој закон.

Ќе кажам конкретно за самото решение. Тука се нуди како и во минатиот предлог, во претходниот закон, двајца директори, додуша овде е потенцирано со врзан потпис, дури во еден член направена е и соодветна интервенција на дообјаснување на врзаниот потпис, таму каде што се вметнува дека едниот потпис не важи, доколку го нема другиот потпис од другиот директор. Значи, овде се потрудиле барем повеќе да објаснат што им е концептот во управувањето со двајца директори. Но, останува дилемата, останува прашањето зошто се предлага вакво решение. Дали е во прашање недоверба кон постоечките решенија, кои што ја вршат функцијата директор на Фондот за здравствено осигурување. Значи, во моментот увиделе дека немаат капацитети, немаат можности, немаат енергија, немаат визија, немаат транспарентност, чесен пристап и т.н., кон менаџирање со Фондот, па треба да им се додаде испомош. Предлагаат концепт со кој што се предвидува нов механизам на спречување на можна корупција. Се обезбедува ли поголема отчетност и транспарентност со овие решенија. Јас би замолил, доколку има доблест да се објасни при предлагање на вакви решенија, дали има некоја компаративна анализа, дали виделе во некоја друга европска земја ваков концепт на управување. Доколку има таков, јас верувам дека можеби има такви решенија, дали проучиле кои се позитивните, а кои се негативните импликации во практикување на ваков начин на менаџирање со Фондот за здравство, или секоја друга институција, претпоставувам дека има такви, бидејќи нудат решение да може странец да управува со Фондот, можеби ќе донесат некој со такво искуство, но чисто се сомневам дека на конкурс, на кој што некој компетентен и стручен што покажал некои резултати ќе влезе во игра да не е во можност да носи свој концепт, свој ризик на можни одлуки и ризик од погрешки на одлуките и да одговара за погрешките во тие одлуки, или да ја дели одговорноста со друго лице.

Ќе кажам нешто за функционалноста на тоа решение. Се надевам дека ќе ми се одговори дека некаде тоа го виделе. Како тоа функционира, дали се позитивни или негативни искуствата. Нека посочат примери конкретни се разбира, со показатели за функционалноста на решението, врзан потпис. Добро, прочитавме во еден член за интервенција кај амандманите дека нема да важи одлуката, доколку нема два потписа. Но јас, би се вратил чекор поназад. Кој ќе ја носи одлуката? Пред да се пристапи кон потпишување, ве молам бидете покоректен. Ве молам, нека бидат покоректни и нека не дофрлаат од место.

**Иван Анастасовски**: Колеги ве молам да му дозволиме на пратеникот да си го каже своето.

Продолжете колега.

**Тале Герамитчиоски:** Кој ќе ја носи одлуката, кој ќе ја носи одговорноста, дали ќе се договараат заеднички при донесување на одлуката. Што ако не се согласуваат заедно. Што ако не постигнат консензус за таа одлука, дали едниот ќе има поголема одговорност, или другиот помала одговорност, бидејќи во членот е дефинирано, доколку таа одлука е штетна, Владата двајцата ќе ги разреши, без разлика кој бил повеќе, кој би помалку одговорен за носење на таа одлука. Мислам, не ја гледам логиката за носење на еден куп одлуки секојдневно, кои што едно одговорно лице е соочено да ги носи, кога ја практикува таа функција.

Ќе кажам нешто за начинот на избор. Значи, дефинирани се конкурсните услови, кои се компетенции треба да ги поседуваат тие луѓе. И е предвидено дека ќе се распише конкурс, но јас го поставувам истото прашање, кое што го постави претставникот од Министерството за транспорт и врски. Дали во тие конкурсни услови ќе дефинирате кој ќе биде прв директор, кој втор директор, кои се поделените надлежности, дали ќе имаат исти задачи, исти надлежности, исти одговорности, дали ќе ги делат областите по кои што ќе одлучуваат, бидејќи некои предлози во решенијата имплицираат на тоа. Само да прочитам еден дел каде што се вели: "При именување на директор на Фондот, едното од лицата кое се именува за директор, задолжително треба да има универзитетско образование од областа на менаџментот, економските науки, финансиите, или јавната администрација". Значи се претпоставува дека еден од нив повеќе ќе има компетенции околу управувањето, а другиот поголем дел во стручноста при оценувањето за донесување на некои одлуки. Дали тоа ќе биде дефинирано во конкурсните услови, ќе биде разграничено кој за што ќе одговара, или не. Не е јасно во овој дел прецизираното. Дали при склучување на менаџерски договор тој ќе биде различен за двајцата извршители, или ќе биде ист.

Значи, се отвора прашањето, ако имаат поделени надлежности, во одредени дејности на Фондот, дали ќе им бидат понудени поинакви услови, или ќе имаат типизиран менаџерски договор кој ќе важи за двајцата. Ако има различни услови, тогаш е нелогично да се побара истовремено одговорност за двајцата. Или пак, различните услови ќе бидат вреднувани со иста тежина. Тука се отвораат низа прашања кои што навистина се нејасни. Би замолил, доколку постои добра волја да се објасни тој дел.

Ќе кажам, нешто за санкции и одговорност пред Владата. Со оглед на ова што досега го образложував, се поставува едно логично прашање. Што ако едниот од двајцата извршители го убедувал другиот дека е добро тоа решение, двајцата го потпишале и двајцата ја носат одговорноста подеднакво и Владата, бидејќи во решението е дефинирано, вели:"во член 4 во став 1 се додаваат два нови става кои гласаат: во случаите од став 1 алинеа 37 на овој член, Владата на предлог на министерот за здравство ќе ги разреши двете лица именувани за директор. Значи, секако, двајцата ја сносат одговорноста во истиот момент и логично е моето прашање во постапката на донесување на одлука како ќе се гради механизмот на постигнување на консензус, бидејќи одговорноста е дефинирана, таа е заедничка. Што во случај, ако не можат да донесат таква заедничка одлука, бидејќи едниот ќе се плаши од заедничката одговорност повеќе, ќе има поголема колебливост при донесување на одлуките виза ви другиот и се плашам да не се доведеме во ситуација на губење на динамиката во ефективното работење на Фондот при донесување на одлуките, заради повисокиот степен на претпазливост, што природно ќе се јави.

Јас најискрено сакав да дадам некој придонес во разјаснување на некои отворени прашања, барем за мене, и навистина, сум изненаден од некоректноста на некои колеги и од нивото на културата кое што го манифестираат. Никогаш не би си дозволил кога некој дискутира да се дофрла од место невкусно, со работи кои што немаат врска во однос на она за кое што се зборува. Нека им служи на чест. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван колега.

Јас од овде не слушнав. Јас интервенирав, меѓутоа јас од овде не ги слушнав дофрлувањата кои беа на ваша адреса.

Меѓутоа, ние продолжуваме со реплики, претпоставувам.

Прв за реплика е пратеник господин Гоце Марковски, повелете.

**Гоце Марковски:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги пратеници,

Ќе му реплицирам на почитуваниот колега Герамитчиоски во однос на неговото тврдење каде и во која земја има вакви реформи.

Овие реформи што ние ги правиме се неизбежна потреба, која вие требаше да ја спроведете, а за тоа имавте и насоки. Ќе ве потсетам. Во акциониот план што го имавте 2005-2006 година децидно прво стои една голема критика. Оценката за финансискиот отчет на земјата од Светска банка, го идентификуваше Фондот за здравствено осигурување на Македонија како институција со висок поверенички ризик за Владата. Потоа има една предложена програма во која се ставени главните задачи што требаше да се направат и тоа поделени во 7 категории.

Прво, воспоставување на соодветна политичка основа за реформите во системот на здравствена заштита во Македонија.

Второ, формулирање на Буџетот со фиксирани буџетски плафони за здравствените установи.

Трето, подобрување на контролите на буџетското извршување, известување, повторно прогнозирање и справување со заостанатите обврски на здравствените установи.

Четврто, воспоставување на прелеминарен систем на финансиски индикатори за изведба на здравствени установи.

Петто, зајакнување на внатрешната и надворешната ревизија.

Шесто, зајакнување на активностите за набавка во Фондот за здравствено осигурување на Македонија и,

Седмо, зајакнување на раководните структури на Министерството за здравство и Фондот и подобрување на отчетот на Управниот одбор на Фондот.

Во контекст на тоа, имаме и една насока која децидно уште тогаш вие ја знаевте, која гласи:"Владата треба да ја реформира структурата и работењето на раководните структури преку промени во легислативната база". Тоа е Законот за здравствено осигурување, што ние сега го правиме. Со што треба да се подобри структурата на управување и да се зајакне отчетот на управните одбори и работата на Фондот.

Од ова се, фалба е што се кажува тука дека Фондот во тоа време ги намалил загубите. Тврдам дека Фондот ги намали само своите загуби, а ги префрли јавните здравствени установи. За поткрепа на тоа ќе ви дадам дел од ревизорскиот извештај, што сите ние го добивме, каде што стои:"Здравствените установи продолжуваат да фактурираат за здравствените услуги, додека Фондот ги исплатува средствата кои се однесуваат само на нивните основни трошоци за нивно функционирање". Ова ми личи на свесно, или несвесно ставање на здравствените установи во загуби, а видовме во некои примери и за нивна приватизација. На крај би кажал само дека е апсурд луѓето што го гледаа и аминуваа се она што се случуваше во минатото, каде што одредени структури го донесоа здравствениот сектор, сите здравствени чинители во една бездна. Во меѓувреме ни кажуваат и ни шират популизам како треба ние сега тие реформи да ги спроведеме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути процедурално пратеник господин Гештаковски Кире, повелете, да видиме во што е процедурата, повелете.

**Кире Гештаковски:** Како пратеник имам деловничка обврска кога овде ќе се каже некоја невистина да реагирам.

Од дневниот извештај пуштен од Фондот за здравствено осигурување и од Министерството за здравство, значи, не се говори за загуби направени од јавните здравствени...

**Иван Анастасовски:** Се извинувам колега, ова не е процедурална забелешка...

**Кире Гештаковски:** Ама кажана беше невистина, се зборува за вкупни загуби на Фондот кој ги направил и Фондот и јавните здравствени организации...

**Иван Анастасовски:** Земете збор, ова не е процедурална забелешка.

Се извинувам, продолжуваме.

Повелете, три минути процедурално господин Димовски Илија.

**Илија Димовски:** Почитуван господине потпретседателе, јас се надевам дека во текот на дискусијата навремето ќе реагирате на ваквите испади на дел од пратениците. Сметам дека општата расправа е отворена. Колегата има право на контра реплика или колегата Гештаковски има право да се јави повторно за збор, да ги искаже своите ставови. На ваков начин се деградира работата на Собранието. Ако почнеме сите да вршиме вакви упади во дискусијата, тогаш не знам до каде ќе оди работата.

**Иван Анастасовски:** Во што е процедурата кажете...

**Илија Димовски:** Процедурата е да не се дозволува повторно злоупотреба.

**Иван Анастасовски:** Апсолутно, се извинувам.

Бидејќи процедурално имате веднаш штом ќе побарате, тоа го побара колегата Гештаковски, му беше одземен зборот бидејќи не станувашe збор за некоја процедурална забелешка.

Продолжуваме.

Една минута контра реплика пратеник господин Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Почитуван колега, од она што го прочитавте јас не можам да најдам каде реплицирате во однос на она кое што како дилема јас го поставив како прашање. Ми читате некои податоци и факти како во минатото се работело со Фондот. Вие овде имате, како владеачко мнозинство, како Влада, предлог како да се излезе од таа ситуација. Јас дискутирав во однос на предлогот на решението и поставувам прашања, изразувам дилеми дали тие се најсреќни решенија за излез од таа криза. И навистина, не можам да сфатам што сакате да постигнете со тоа што ми читате некои реферати на извештаи како во Фондот порано имало некои резултати. Не ми одговоривте вие на прашањето, ниту очекувам да ми одговорите вие на прашањето, во која земја? Јас не изразив чудење, јас поставив прашање до заменик министерот да ми каже за позитивните и негативните искуства од други земји.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеник господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам, јас нема да читам, само ќе реплицирам во однос на тоа што беа изнесени неколку аргументи од страна на господинот дискутант Тале Герамитчиоски,

меѓутоа и на претходните дискутанти. Овде не видов никакво осврнување околу Законот за здравствено осигурување. Се беше изнесено паушално. Најмногу, согледав еден страв кај дискутантите дали овие реформи ќе бидат успешни, или ќе бидат неуспешни.

Сметам дека е време, после 16 години плурализам, еднаш да им се даде можност на реформите да видиме, дали ќе бидат успешни или не, затоа што во досегашниот период не видовме некои реформи. Сите се навраќаат, поготово дискутантот, околу одговорноста. Ќе кажам, одговорноста ја гледаме во сегашната успешност и работењето на сите оние луѓе и личности кои што беа поставувани на функцијата директори на фондовите, или директори на здравствените установи. Ќе кажам дека сигурно има одговорност, некој кој што направил 2 милиони евра загуба, сигурно има некој кој што за чистење на оџаци потрошил не знам колку големи суми на средства. Тоа ќе излезе во наредните денови во јавноста. А околу практикувањето на функцијата, мислам дека министерот Димов најдобро ја испрактицира функцијата и е еден од најмоќните министри кои што досега биле во Владата на Република Македонија и се уште ние како граѓани на Република Македонија не знаеме каде се наоѓа и не знаеме чии пари до денес тој троши. Дали воопшто троши од парите на народот, кои што ги спечали претходно, кои што се поврзани со практикувањето, или практицирањето на функцијата министер, или директор на Фондот.

Во секој случај сметам дека ваквото практи-цирање на власта од страна на СДСМ не само што го допре дното, туку не залепија за дното. Многу тешко дека ќе можеме полека да секачуваме према горе.

Од овие причини јас мислам дека нема потреба од страхување од двата директори кои ќе бидат со врзани потписи. Дајте им на луѓето она што го замислиле, на стручните лица кои го обмислиле, на државите кои пред нас го вовеле, и ние да го воведеме и да видиме дали и кај нас ќе вроди плод. До сега реков дека не сме виделе ништо што е позитивно во здравството. Тука зборуваме дека сме отпочнале реформи, дека во претходниот период сме ја наполниле касата, боже простими, не знаеме што правиме, или сме ние тие што не знаеме што правиме или се тие кои го водеа здравсството оние кои не знаат што прават. Ако сметавме дека толку добро сме ја наполниле касата, здравството ќе ни цветаше, ќе почнеше да тече мед и млеко, а не вака како што е сега, се наоѓаме на дно.

**Иван Анастасовски:** Контра реплика од една минута за пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Така, почитуван колега, треба да се јавите за реплика, а не некултурно да довикувате од вашето место. Ова е начинот на комуникација со реплики, со контрареплики. Не видов на кој начин го побивате она кое јас го поставив како прашање, дали живеете во виртуелен свет, дали не читате весници, дали не гледате реакции. Времето на Владимир Димов е поминато, тој не е повеќе министер за здравство, сега е Имер Селмани, министер за здравство, сега ВМРО ДПМНЕ е на власт и тие спроведуваат програма и тие се соочуваат со првичните резултати на таа програма и тие предлагаат можни решенија и за тие решенија дискутираме. Ако сакате да се задскривате зад минатото, во ред, можеме да водиме бесплодни дебати со денови.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Сепак би апелирал до сите колеги да не спомнуваат имиња на луѓе кои не се присутни во салата. Дајте да го направиме на поинаков начин, да не ги спомнуваме.

Продолжуваме со реплики.

Три минути реплика за пратеникот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министре,

На колегата Герамитчиоски ќе му реплицирам на тоа што се исчувува зошто две раководни лица.

Досегашните финансиски резултати и финансиско работење на Фондот се крајно незадоволителни, оваа инситуција беше оптеретена со бројни финансиски афери и скандали, со високо ниво на корупција. Една од тие што ја доведе нашата земја на 106-то место по корупција и сето ова зборува дека нешто треба да се менува во раководењето со овој фонд. Или, според вас, тоа е во ред. Според вас треба да се продолжи со овие негативни финансиски токови.

Зошто две раководни лица? Од едноставна причина, бидејќи со две раководни лица ќе имаме подобро раководење со Фондот, поголема одговорност во работата на раководните лица, поголема можност за контрола на работата на раководните лица и сето тоа ќе резултира со подобри резултати, подобро финансиско работење на Фондот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Бидејќи вие не сте предлагач, а добро сте упатени во предлог решенијата, не ми одговоривте на прашањето каде сте го виделе тоа. Кои се позитивни, кои негативни работи, од каде знаете дека тоа ќе вроди со плод, дека тоа ќе даде добри позитивни резултати. Дали сте виделе некаде дека тоа функционира така, дека има позитивни резултати.

Јас поставив едно просто прашање не до пратениците кои не се предлагачи, изгледа тие имале инструктажа и ним им е појасно за механизмите кои овие решенија ги нудат и самите не се убедени, а не убедуваат нас.

**Иван Анастасовски:** Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам потпретседателе,

Би сакал да му одговорам на пратеникот Тале Герамитчиоски.

Прво, голем број од прашањата кои ги отвори како дилеми се доставени во образложението од законот, сосема се дистацираме од оваа проблематика, постојат вакви искуства во голем број на земји. Јас ќе набројам неколку од нив. Една е Финска, друга е Данска, до неодамна ова искуство на дупли менаџери беше практикувано во Израел, беше практикувано во Унгарија, поточно се практикува точно во оние моменти каде здравствениот систем се наоѓа во колабс, како што се наоѓаше нашиот и како што сеуште се наоѓа. Таа е состојба која не се прави за четири месеци, меѓутоа, се акумлира во текот на 15 години.

Ова решение Владата го предлага со цел да го стабилизира здравствениот систем и сметам дека е вистинско решение во вистинско време. Искуствата ги има и ако сакате можам да ви доставам соодветна референтна литература во која би можеле подлабоко да се запознаете со начините како се организира фонд за здравствено осигурување во поголем број високо развиени земји.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван заменик министер, посочивте вербално некои земји, кажавте до неодамна во Унгарија,во Израел, тоа значи дека ги виделе негативните импликации од ваквите решенија и ги укинале. Јас така го подразбирам. Значи, ако нешто функционирало, а го избришале како начин, како механизам да се управува со Фонд за здравство, значи имаат негативни резултати од ваквиот начин на управување.

Не успевате да ме убедите во намерата на кој начин, вие требало овде подетално да ни образложите нешто кое во овие членови, се разбира правно формулирани, не можат до крај да прецизираат која била крајната намера. На кој начин вие ќе ги спречите тие дубиози? Со тоа што поставувате двајца луѓе и нема да се знае кој одговара за што или двајцата одговараат за тоа или нема да се знае во даден момент, во пресуден момент, а секојдневни се таквите моменти, кој ќе ја донесе одлуката. Дали ќе се плашат едниот од другиот кој да ја донесе одлуката со сиот ризик да биде етикетиран или да биде во истиот момент разрешен. Имате недоверба кон кадровските решенија кои вие сте ги продуцирале, значи имате кадровско решение во фондот за здравство, го практицира управувањето два-три месеци, дали сте увиделе дека се недоволни неговите капацитети, не можете да најдете друг кој ќе има повисоки капацитети за да ги исполни тие услови, треба да бидат контролирани? Има други начини, други механизми, едно лице постојано да биде контролирано од страна на Владата, имате Управен одбор на фондот кој постојано има механизми и инструменти да го контролира работењето на Фондот и правовремено да реагира.

Значи, нелогична е намерата. Целта не е логична. Таа стои, знам дека постојат дубиози, знам дека има големи негативи од финансиски аспект, дека треба да се санираат, дека треба поефикасен начин на управување со Фондот но, не ме убедувате дека со ова решение ќе го постигнете тоа. Тоа е мој впечаток, не мора да е точен, јас си го искажувам својот став. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

(некој од пратениците побара реплика)

На кого реплика? Нема право бидејќи отпочна процесот на реплики, затоа кога заменик министерот се јави можеше само да добие збор. Деловнички има право на збор.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер.

Прво да дадам поддршка на Предлогот за измени и дополнувања на законот, бидејќи ценам дека истите се функционални и дека ќе придонесат, барем за еден чекор, за унапредување на она што значи отпочнати реформи во здравството, пред се во насока на зачудување и поправање на една досегашна практика на силно одлевање на средства од Фондот за здравство.

Ова е еден од најголемите фондови во државата, меѓутоа, покрај сите интервенции кои до сега се правени, изнаоѓање решенија од типот на Фондот во рамките на Министерството, па посебен правен субјект со посебен статус надвор од Министерството, со посебни правила, Управен одбор, ваков онаков со бројка од 13, па го сведовме на 13, со строго пропишани предлагачи се со цел да се стесни просторот за било какви манипулации и одлевање на средства од овој фонд кој се многу значајни во целокупната поставеност на државата, бидејќи од овие средства зависиме сите ние односно зависи нашето здравје.

И покрај сите досегашни обиди многу малку сме напредналe во насока на зачувување на средствата во фондот и во правилно насочување на тие средства во она што значи здравство односно чување на здравјето на граѓаните.

Како прва и основна забелешка е тоа што овој закон е менуван некаде шест, седум пати, по некои мои претпоставки, а по логиката на правото закон што се менува повеќе од три пати е многу тежок за примена и затоа сугерирам, доколку дојде до измени во иднина да се пристапи кон интегрално изготвување на нов текст на закон, бидејќи примената на овој е навистина отежната и за оние кои по вокација се правници, а камо ли оние што не се правници.

Тоа е една забелешка.

Друга дилема што би сакала да ја истакнам и да ја споделам со вас е начинот на организирање и функционирање, поставеност на фондот, директоријатот, бидејќи ќе бидат двајца, според овие решенија односно новото решение, начинот на нивниот избор, поставеноста кој на кого му одговара, кој е извршна власт, кој се грижи за средствата на фондот.

Сега, имаме управен одбор, онака како што е опишан во законот, одлуките на управниот одбор треба да ги извршува директорот. Значи, тој е извршниот орган односно оние двајца директори кои со врзан потпис треба да одговараат за сите средства на фондот односно за целокупното работење на фондот.

Меѓутоа, и управниот одбор го бира Владата и директорите ги бира Владата. Сега кај мене се јавува дилемата дали ваквиот начин на поставеност на овие два органи кои го водат фондот е во корелација со општата поставеност на нашиот систем, апропо тоа поставеноста на другиот фонд односно пензискиот фонд, затоа што таму имаме една поинаква поставеност и поинаков начин на избор.

Кога зборувам за ова, мислам дали ние како држава треба да се определиме за идентичен начин на функционирање на фондовите, начин на избор, контрола, предлагање итн., или да имаме две вакви дијаметрално спротивни решенија. Ова го велам бидејќи моја претпоставка е доколку и директорите и управните одбори ги бира Владата, дали нема да влеземе во опасност да ни се појави паралелизам на овие два органи. Бидејќи ги бира Владата, претпоставка е дека тие за своето работење треба да одговараат пред Владата, значи не директорот пред управниот одбор, туку пред Владата, бидејќи Владата го бира и го разрешува.

Мојата единствена дилема се појавува во правец дали можеби нема да се појави паралелизам во функционирањето на управниот одбор кој би требало по логиката и поставеноста да го бира и разрешува директорот на Фондот и тој да му одговара непосредно за својата работа на управниот одбор, а посредно преку управниот одбор и на Владата. Сугерирам да се размисли во Министерството за ова и будно да се следи функционирањето на вака поставените органи и доколку се појават и најмали сомнежи дека може да се навлезе во паралелизам во овие два органи, веднаш итно да се интервенира и да се промени системската поставеност на начинот на избор и одговорност еден спрема друг и можеби да се прифати решението кое функционира во Фондот за ПИОМ каде директорот на пензискиот фонд го бира, врз основа на јавен оглас, тоа го имаме и овде, управниот одбор, а на одлуката за избор на управниот одбор, согласност дава Владата. Тука веќе имаме еден поставен линк на поставеност на институциите кои би требало да се грижат за еден таков фонд.

Јас верувам дека Министерството во најмала рака будно ќе го следи ова и доколку се појават и најмали сомнежи веднаш ќе излезе со предлог за измени на законот, но тогаш верувам со ново интегрално решение, бидејќи ова е навистина многу тешко практичнода се применува, бидејќи и да направиме пречистен текст на законот, тој не е извор на право.

Би сакала збор два по решението кое е дадено за директор на Фондот односно двајца директори на Фондот од кои едниот ќе биде од сферата на здравството, а едниот од сферата на економијата и менаџментот со врзан потпис да одговараат за работењето на Фондот. Го поддржувам како решение и немам дилема дека можноста која се отвора и странец, покрај домашно физичко лице, странец да може со своја програма да учествува на јавниот оглас кој ќе биде распишан и доколку понуди најповолна програма да постои законска можност да биде избран за еден од директорите, немам дилема дека нема ниту уставна пречка ниту законска пречка, бидејќи ги проследив и проучив и Законот за работни односи и Законот за странски, таму навистина нема никаква пречка и странец по сите законски норми да добие работа во Република Македонија онака како што го пропишуваат овие закони. Значи, нема никаков судир по однос на Уставот и овие два закони.

Од ова што го искажав, јас ќе дадам поддршка на сегашните измени со надеж дека мојот апел околу организацијата ќе биде сериозно сфатен и будно ќе се следи функционирањето на овие два органи. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Бесим Догани)

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Лалчевска.

Има збор пратеникот Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Во мојата дискусија накратко ќе се осврнам на неколку точки од новопредложениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

На почетокот би се осврнала на член 2 став 3 во кој се вели дека за директор на Фондот се именува домашно или странско физичко лице. Дали можноста за странец - директор на фондот, претставува очајничка мерка на Владата гледајќи ја сопствената немоќ, сопствената беспомошност излезот да го гледаат во некоја фантомска личност, излезот да го гледаат во странец директор на Фондот за здравствено осигурување.

Ги слушавме приказните странец јавен обвинител, странец директор на МРТВ итн.

Почитувани колеги, можеби најискрено и најчесно спрема бирачите кои ви го дадоа мандатот ќе биде да прдложите странец премиер кој ќе ја одведе Македонија на правиот колосек, на вистинскиот колосек, а не како што кажа вчера

почитуваниот господин Оли Рен, дека Македонија веќе оди на погрешен колосек.

Второ, би сакала да продискутирам за двата врзани потписи кои до сега многу ги пофалија демек на тој начин ќе се испravele и ќе се намалеле, минимизирале можностите за злоупотреби или други малверзации во Фондот за здравство.

Порано имавме слично Предлог закон кој овде се изгласа, за двајца директори во здравствените организации односно директор и уште еден менаџер директор, на тој начин на мала врата се отвора можноста за вработување на уште 200, 300, 400 нови директори економисти менаџери.

Би сакал да ви го пренесам искуството од фирмата од која доаѓам, која беше купена од странци. Имено Македонска дистрибуција беше купена од ЕВН, австриска фирма. Првиот потег беше на директорите да им се додаде уште еден потписник односно можност на врзани потписи и тоа на начин што финансиските раководители или шефовите на сметководство, или сметководителите депонираат потпис. Повторно се добива врзан потпис, повторно се постигнува ефектот на два врзанипотписи и на тој начин контрола на потпишувањето на вирманските исплати и на сите исплати. Според тоа, немаше никаква потреба уште од еден директор, не гледам потреба да се мултиплицира, или да вработуваме 200, 300 или 400 нови директори во здравствената дејност, што и така сиромашниот буџет на Фондот за здравство уште повеќе ќе го осиромашат, само за да имало контрола на потписите. Прикаски за мали деца.

Би сакала да се осврнам уште на ситуацијата во здравството, хаосот во здравството што со брзоплетите нестручни мерки успеа нашата Влада преку ноќ да го доведе на минимални гранки, лекарите по пет-шест месеци без плата, да ја доведе најценетата фела во Македонија и воопшто лекарската фела во финансиски колапс. Дали фактот што симпатичниот министер за здравство, лекар кој цел живот работел како трговец со луѓе, дали фактот што заменик министерот, исто така лекар кој ниту еден ден не работел како лекар, туку бил менаџер, учел за менаџер во здравството, директорот на Фондот за здравство кој исто така е економист со некои други искуства, не лекар, не човек кој се препотувал заедно со пациентите, кој се трудел да ги излечи е мотивот и формулата зошто целото здравство ни е во ваков хаос.

Сакам на крајот да кажам дека кога почнуваш бизнис најголем ризик е, господине заменик министер, да почнуваш да работиш во дејност која не ја познаваш. Тогаш грешките и пропаста се многу веројатни. Кај нас се случува нешто такво. Работите во област која слабо ја познавате, така што сегашната ситуација на здравството во Македонија, сегашната ситуација на пациентите и на лекарите, дали сте свесни на какво ниво е. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Мене ми е жал што ќе дискутираме за овој закон во толку мал број на пратеници во салата, но сметам дека овој предлог и не заслужува за повеќе пратеници да бидат присутни во салата, од неколку причини.

Вчера одржав една прес конференција по повод новиот Предлог на законот за здравствено осигурување и после одржувањето на пресот еден од новинарите ми се јави и ме праша од каде сега ти за здравствено осигурување. Одговорот е што и овој закон и следниот закон, што ќе го разгледуваме на следнава седница, иако се од здравственото осигурување, воопшто не се однесуваат на медицината и за медицинските установи, туку се чисто економски прашања. Затоа сакам да го изнесам своето мислење за овој закон.

Ни еден пратеник нема да погреши ако гласа и за и против овој закон. Нема да погреши затоа што со овој Предлог на закон, ама баш ништо не се решава во системот на здравственото осигурување. На подобро сигурно нема да оди со овој закон, а полошо, да се надеваме дека нема да биде.

Имајќи го предвид нашиот менталитет за колективно раководење, со овој предлог сметам дека ќе се оди на полошо, наместо на поарно.

Овој закон го искористивме овде ние пратениците, како што и обично знаеме, малку да се препукуваме, кој во овие 15 години бил помалку или повеќе виновен за состојбите во здравството. Јас слободно можам да ви кажам дека сите политички партии кои сега се застапени во Парламентот се подеднакво виновни. За да не реагирате така, еве ќе ви одземам малку време, иако не мислев, но ги видов вашите реакции, па тоа ќе ви го образложам со следново:

Во овој Парламент не постои политичка партија која во овие 15 години немала министер за здравство во Република Македонија, почнувајќи од мојата ЛДП, ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СП, ДПА, ДУИ, СДСМ, сите партии до сега што се овој Парламент, во овие изминати 15 години имале министер за здравство. И тука да расчистиме, да не префрламе одговорност едни на други.

Поголем дел од партиите што се тука, исто така имале и директори на Фондот за здравство. Затоа да не ја префрлуваме вината едни на други. Сите сме подеднакво виновни. Основното прашање според мене е што и здравството ја доживува судбината на целокупното македонско стопанство во транзицијата. Но, ако во другите гранки малку порано дојде до израз, изразот во здравството дојде сега, а тоа е процесот на прелевање на општествениот капитал во приватен. Тој процес на транзицијата се одрази и во здравството и ние воопшто сме немале проблем со високостручни кадри од областа на медицината, туку сме имале

проблем, во сите овие 15 години, со создавањето на трансформацијата на здравството.

Читајќи го образложението и причините за донесувањето на овој закон, морам да ви кажам дека тие не соодветствуваат со она што е предложено во членовите за измена и дополнување на Законот. Така добро се накитени причините и образложението, но кога ќе ги проанализирате ќе видите дека, еве на страна 8, од сите овие, 1,2,3,4,5 делови наредени во образложението, ни еден не е поврзан со измените. Основниот проблем и јас во целост ја поддржувам госпоѓа Лалчевска кога зборуваше за процесот на управување, со едно надополнување. Државата, тоа го зборува и во 2005 година кога се носеше Законот за измени и дополнување на Законот за здравствено осигурување, државата се стави во функција да располага со парите на осигурениците и таа го има пресудниот збор. Јас се извинувам, но никој нема право со моите пари да раководи без јас да имам никакво влијание. Претходната Влада, претходното парламентарно мнозинство, еден дел, тие причини и тоа образложение не го прифати тогаш и денес имаме случаеви со парите на осигурениците главниот збор да го има Министерството за финансии преку својот човек, или Министерството за здравство. Тоа е главната причина и главниот проглем. Не може еден ист субјект и да управува и да раководи со парите во здравството. Тука ќе дојде главниот субјект.

Иако во самото образложение на законот не е многу тоа изнесено, денес низ дискусиите, сакајќи да го оправдаат воведувањето на двајца директори во Фондот за здравство, многумина зборуваа дека со тоа ќе се заштитиме од манипулации.

Јас се извинувам, но сакам да поставам едно прашање:
Дали од поставувањето на господинот Тренковски за директор на Фондот за здравство, Министерството за здравство, Владата и парламентарното мнозинство имаат сознание за злоупотреби на финансиски средства на господинот Тренковски? Ако имаат, треба да ги изнесат. Ако немаат, се потврдува фактот дека господин Тренковски и со еден директор “може” исправно да работи. Тогаш, што ќе прави вториот директор што ќе се постави на Фондот за здравство.

Во самиот Предлог на законот се вели дека едниот директор ќе биде од финансиската сфера, од менаџментот, од економијата, другиот ќе биде од медицинската струка. Тогаш, се поставува прашањето, ако првиот директор кој е од областа на менаџментот, на финансиите, на економијата што е чудно, затоа што и финансиите се дел од економијата и затоа имаме дадено еден амандман со моите колеги, зборот економија да се избрише. Ако тој е стручњакот кој ќе работи со финансиите во здравството, што ќе прави стручњакот кој е од областа на медицината, а двајцата ќе имаат врзан потпис. За што ќе одговара стручњакот од медицината, за проблемот што во финансиите ќе го направи директорот што е од областа на финансиите? Тоа, ама баш никаква логика нема.

До сега не слушнав ни еден аргумент, освен за тоа дека двајца ќе се контролирале еден со друг, па помалку ќе краделе. Тука еден од колегите рече, може пак двајца да ја зголемат цената на чинење, затоа што треба и на едниот и на другиот да му се даде, бидејќи општо е познато тоа, да не ги затвараме очите.

Во прометот со лековите, во овие изминати 15 години настанаа најголемите зараотувачки, да не кажувам сега проневери. Со што ќе се зголеми системот на контрола, ако постојат двајца? Напротив, треба да се одвои системот на управување кој тогаш би можел да ја воспостави контролата многу поголема, а не, како што рече и госпоѓа Лалчевска, Владата да го бира и директорот и управниот одбор, а и двајцата одговараат пред Владата. Тогаш немате контрола. Тогаш можете и пет врзани потписи да ставите, но резултат нема да имате односно нема да имаме сите ние заеднички. Затоа сметам дека воопшто, ама баш воопшто нема потреба од донесување на ваков закон, како што е предложен овој закон.

Ќе завршам со тоа, дали сте за или против овој закон, ама баш ништо не решавате. Дали сте за или против, нема ништо да подобрите во областа на здравството. Затоа, господине заменик министер, иако знам дека го немате тоа овластување, најдобро е да го повлечете овој закон, па со наредниот закон за здравствено осигурување кој од друга страна навистина суштински менува во сферата на здравственото осигурување за што тогаш ќе дискутирам и ќе кажам дека е изразито лош предлогот од страна на Владата. Ако сакате да се дополни, дополнете го тоа со тие двајца директори кои ќе немаат ама баш никаков резултат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

За реплика се јави пратеникот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Почитуван потпретседателе јас би сакал да реплицирам на целокупната дискусија на господинот Најдовски кој посебно го ценам и сметам дека во принцип редовно има конструктивен приод спрема предлозите кои се разгледуваа на седницата. Меѓутоа, овој пат ме зачудува фактот што очигледно не се сака да се разбере која е поентата на овој закон што Владата го предложи до Собранието пред два месеци.

Факт е дека во здравството односно Фондот за здравство во овие 15 години, како што потенцираше и господинот Најдовски, се детерминирани криминални дејанија, односно одиме од база на претпоставки, поради тоа што во најголем број од случаите не се докажани. Факт е дека здравствениот денар во Република Македонија не е доволно ценет. Факт е дека во овие 15 години имаме политизирано здравство.

Меѓутоа, исто така е факт дека оваа Влада за прв пат во овие 15 години постави директор на Фондот за здравство лице кое нема никаква врска со партиите на власт. Значи непартиска професионална личност. Сметам дека тие работи треба да се ценат и без разлика колку да сте во опозиција, треба да се потенцираат одредени моменти.

Исто така, би сакал да потенцирам дека на 30.06.2005 година, тоа следи и во 2006 година, Фондот за здравство е во загуба односно во минус 5.080.000.000 денари. Ако компарираме, ќе видиме што ЛДП и СДСМ понудија во Фондот за здравство во изминатите 4 години. Резултатот е огромна загуба. Меутоа таа загуба се влечеше и од претходните 4 години и од претходните 4 години. Факт е дека концептот кој го работеа СДСМ и ЛДП апсолутно никакви резултати не покажа. Затоа сметам дека негативниот пристап на реформите во здравството што во овој момент го има опозицијата е чисто политиканство и не се базира на реалните проценки што ги понуди Владата.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димовски.

Една минута контра реплика за пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине Димовски, благодарам што ме цените како пратеник. Јас и вас и сите колеги ги ценам. Но, кога читате читајте до крај.

Прво, точно е дека на 30.06.2005 година Фондот имал загуба од 5.080.000.000 денари. Но, прочитајте уште два, три збора понатаму каде се кажува дека се намалени 1.241.000.000 денари. Ако е со недомаќинско работење, не можело да се намалат 1.241.000.000 денари, или тоа е некаде 20% од долгот што го имале на 30.06.2005 година.

Околу тоа дека сега директор на Фондот е непартиска личност, ве молам кажувајте му на некој друг, немојте да ни кажувате овде на нас пратениците.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Има збор пратеникот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине потпретседателе.

Во интерес на времето, бидејќи исцрпно се изложивме до сега пратениците од СДСМ и останатите пратеници, сакам само да го искажам ставот, како ќе се изјасни пратеничката група на СДСМ по повод овој Предлог-закон за измени и дополнување на Законот за здравствен осигурување.

Имајќи ги предвид сите оние анализи што ги направивме во нашите дискусии и мислејќи дека навистина со овој предлог нема да се постигне ништо, пратеничката група на СДСМ ќе гласа негативно односно ќе биде против решавњето на ова законско решение. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Гештаковски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да пристапиме кон гласање.

Бидејќи нема услови за гласање, тука ја прекинвуам денешната седница.

Утре во 11,30 часот продолжуваме со денешната Четиринаесета седница. По завршетокот на Четиринаесетата седница ќе продолжиме со Дваесет и шестата седница, закон за лустрација.

(Седницата прекина со работа во 17,16 часот)